ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
# "ЕФИКАСНОСТ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МЕРМЕРОТ"

02 2023 00 08



Скопје, април 2024 година






СОДРЖИНА

СПИСОК НА КРАТЕНКИ ........................................ 3
РЕЗИМЕ ........................................ 6
1. ВОВЕД ........................................ 11
2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА ........................................ 16
2.1. Цели на ревизијата ........................................ 16
2.2. Ревизорски прашања ........................................ 17
2.3. Опфат на ревизија ........................................ 17
2.4. Критериуми за ревизија ........................................ 18
2.5. Методологија на ревизија ........................................ 18
3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ ........................................ 19
3.1. Систем за управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини ........................................ 19
3.2. Концесиски надоместоци ........................................ 38
3.3. Надзор над експлоатацијата на минерални суровини согласно склучените договори и издадените дозволи ........................................ 59
4. ЗАКЛУЧОК ........................................ 71
5. ПРЕПОРАКИ ........................................ 72

ПРИЛОЗИ

Прилог 1 Критериуми и индикатори за оценка
Прилог 2 Преглед на подзаконски акти кои се уште не се донесени
Прилог 3 Компаративна анализа за начинот на пресметка на надоместоците за експлоатирани количини на минерални суровини во соседни држави
Прилог 4 Преглед на податоци за планирани/проектирани годишни капацитети на експлоатација и откопан корисен материјал согласно податоците од геодетските елаборати
Прилог 5 Концесии кои не се активни/прикажуваат мали експлоатирани количини во однос на рударскиот проект
Прилог 6 Повторна пресметка на концесиските надоместоци
Прилог 7 Преглед на податоци за откопани количини на мермер и учество на корисен комерцијален материјал и јаловина во вкупно откопана маса
Прилог 8 Прегледи на скици на рудници од геодетско снимање
Прилог 9 Известувања за извршена проверка кај МЕ
Прилог 10 Известувања за извршена проверка кај ДИТИ
Прилог 11 Известувања за извршена проверка кај Геолошки завод

Прилог 12 Известувања за извршена проверка на презмените мерки кај УЈП
Прилог 13 Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор
Прилог 14 Одговор на забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор.

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БДП | Бруто домашен производ |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ВРИ | Врховната ревизорска институција |
| ГПС уреди | Рачни уреди за утврдување прецизна локација и координати на терен |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДИЖС | Државен инспекторат за животна средина |
| ДИТИ | Државен инспекторат за техничка инспекција |
| ЗМС | Закон за минерални суровини |
| ЗЖС | Закон за животна средина |
| Известување за извршена проверка | Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 14-315/33 од 09.06.2021 година за извршената ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците“ |
| КИ на ОДР од 2021 година | Конечен извештај на овластениот државен ревизор од извршената ревизија на тема „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците“. |
| МАНУ | Македонска академија на науките и уметностите |
| МВР | Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија |
| МЕ | Министерство за економија на Република Северна Македонија |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| УЈП | Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |

ПОИМНИК НА ТЕРМИНИ

| | |
|---|---|
| Минерални суровини | Сите органски и неоргански минерални материи кои се наоѓаат во цврста, течна или гасовита состојба, а според видот можат да бидат:<br>- енергетски минерални суровини<br>- метални минерални суровини<br>- техногени минерални суровини<br>- неметалични минерални суровини<br>- архитектонско-украсен камен<br>- минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас CO2 и<br>- песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц. |
| Енергетски минерални суровини | Сите видови на фосилни јаглени, јаглероди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и ториум), сите видови на битуминозни и масни шкрилци, петротермална енергија и други гасови кои се наоѓаат во земјата. |
| Метallични минерални суровини | Железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација. |
| Техногени минерални суровини | Минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад кој настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен. |
| Неметалични минерални суровини | Варовник-калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, кварцен чакал, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска breча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, риолит, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и други. |
| Архитектонско-украсен камен | Мермер, гранит, габро, травертин, оникс, базалт, сијанит, breча и други. |
| Мермер | Претставува метаморфна карпа составена од рекристализирани карбонатни минерали, претежно калцит или доломит, кој особена примена наоѓа во градежништвото, архитектурата и вајарството. |
| Геолошки истражувања | Збир на методи и техники со цел за добивање на информации со кои се дефинира геолошката градба на одреден простор од Земјата. Геолошките истражувања и испитувања согласно ЗМС се вршат заради запознавање на развојот, составот и градбата на земјината кора, прогнозирање, пронаоѓање и утврдување на наоѓалишта на минерални суровини и оцена на економските ефекти од нивното користење, утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на рудници, изградба на објекти во постоечките рудници, изградба на инфраструктурни објекти, објекти за просторно планирање, за зачувување на геодиверзитетот и локалитети од геолошко значење, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина. |
| Основни геолошки истражувања | Геолошки истражувања кои се вршат со цел да се добијат основни податоци за геолошката градба на просторот на земјата. |

| | |
|---|---|
| Детални геолошки истражувања | Геолошки истражувања со кои се добиваат целосни податоци и детално се утврдуваат рудните резерви на минералните суровини на определен простор на Земјата. Детални геолошки истражувања се вршат на простор на кој се утврдува постоење на една и повеќе минерални суровини заради добивање на податоци за положбата, обликот, постанокот, квалитетот на наоѓалиштето, резервите, условите и можностите за нивно користење, проширување на концесиите за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и други работи предвидени со закон. |
| Експлоатација на минерални суровини | Активност утврдена со рударски проекти на добивање, односно ослободување на минералните суровини од нивната природна состојба вклучувајќи ги подготвителните, придружните и последователните активности поврзани со добивањето на минералните суровини. |
| Рекултивирање | Процес на повторно враќање на земјиштето во корисна состојба, деградирано со геолошките истражувања или со експлоатацијата и преработката на минерални суровини. |
| Одлагалиште | Определено место во рамките на рудникот каде што се транспортира и депонира рудничката раскривка. |
| Експлоатационо поле | Дел од просторот на кој е утврдено наоѓалиштето на минерални суровини, просторот неопходен за експлоатација на минерални суровини и организација на рударските работи, изградба на рударски објекти и простор на кој се наоѓа и управува со отпадот од експлоатацијата, а кое на површината на земјата е ограничено со координатни точки меѓусебно поврзани со прави линии со неограничено простирање во длабочина. |
| Јаловина | Цврст отпад или кашеста маса што останува по процесот на преработка на минералните суровини (на пример дробење, мелење, сортирање по големина, флотација и друга физичко-хемиска техника) за отстранување на корисните од некорисните минерали или минерални видови. |
| Санација | Процес за прочистување на земјата што претрпела последици од инсталацијата за јаловински отпад, на начин на кој земјата се враќа во задоволителна состојба, особено во поглед на квалитетот на почвата, дивиот свет, природните живеалишта, системите на слатка вода, пејзажот и соодветната корисна употреба. |
| Концедент | Субјект кој доделува концесија на добра од општ интерес. Субјект/концедент кој доделува концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини е Владата на Република Северна Македонија. |
| Концесионер | Домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого се склучува договор за концесија на добра од општ интерес или кој за таа цел основа друштво за посебна намена. |
| Корунд | Алуминиумов оксид кој се наоѓа во природата во вид на кристали, а на територијата на Република Северна Македонија, корундот е препознатлив по својата розова до розово-црвена боја. |
| Комерцијален блок и томболон | Класификација на минерални суровини добиени при експлоатација, за кои се утврдени надоместоци согласно Тарифник за висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања концесии за експлоатација на минерални суровини. |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 22-311/9
Датум: 15.04.2024

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ


Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“ со цел да дадеме одговор на прашањето „Дали политиките и преземените мерки и активности од надлежните органи обезбедуваат сигурност за ефикасно доделување на концесии и надзор над реализацијата на склучените договори за експлоатација на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност?“.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година. Оваа ревизија е реализирана како пилот ревизија на успешност на ВРИ на Република Северна Македонија и ВРИ на Кралството Норвешка, а согласно потпишаниот Меморандум за разбирање помеѓу Канцеларијата на Главниот Ревизор на Норвешка и Државниот завод за ревизија.

Со ревизијата на успешност опфативме период од 2020 до 2022 година, при што беше опфатен период пред и период по завршување на ревизијата, до денот на изготвување на овој извештај.

За да одговориме на основното ревизорско прашање, ги определивме следните специфични прашања:

- Дали политиките, постапките и активностите за доделување/одземање на правото за експлоатација обезбедуваат доволна подготвеност и сигурност за остварување на одржлива искористеност и поттикнување на експлоатацијата на минералните суровини?
- Дали системот за плаќање и надзор на концесиските надоместоци за користење на простор и експлоатација на минералните суровини е уреден и воспоставен на начин кој овозможува нивна соодветна, целосна и навремена наплата?
- Дали е обезбеден сеопфатен и ефикасен систем на надзор и контрола над имплементацијата на преземените обврски од страна на концесионерите и

издадените дозволи за експлоатација на минералните суровини, со посебен осврт на мермерот?

Со извршената ревизија и применетата ревизорска методологија, обезбедените докази стекнавме разумно уверување дека:

Мерките и активностите кои се преземаат од страна на надлежните институции не обезбедуваат целосна подготвеност и сигурност за остварување на оптимална искористеност на минералните суровини, сеопфатна и навремена наплата на концесиските надоместоци и ефикасен систем на надзор над реализацијата на склучените договори. Отсуството на долгорочна стратегија, слабостите во законската регулатива, не целосно ажуриран регистар на податоци за склучените договори, нецелосен катастар на минерални суровини и недоволната ефикасност во реализација на обврските по склучените договори за експлоатација на минералните суровини не обезбедуваат сигурност и доволна подготвеност за одржливо управување со минералните суровини на национално ниво. Воспоставениот систем на плаќање на концесиските надоместоци кој се спроведува во отсуство на меѓусебно уредување на начинот на комуникација и размена на податоците помеѓу надлежните институции, не дава целосност и точност на податоците за концесиските надоместоци за експлоатирани минерални суровини, навремено следење на плаќањето и преземање на мерки за наплата на неплатените надоместоци, пресметка и наплата на законска затезна камата. Утврдивме помалку наплатени концесиски надоместоци и камата во вкупен износ од 21.050 илјади денари, како и ненавремено наплатени надоместоци во вкупен износ од 1.174.809 илјади денари за кои МЕ не врши пресметка и наплата на законска затезна камата, што влијае врз остварувањето на помали буџетски приходи. Во периодот на известување од извршената ревизија од вкупниот износ уплатени се 8.392 илјади денари за концесиски надоместоци и камата, а по основ на дадените препораки од претходната ревизија наплатена е камата во вкупен износ од 6.136 илјади денари што претставува додадена вредност во остварување на буџетски приходи. Учеството на јаловината и отсуството на мерки за реупотреба при експлоатација на мермерот создава ризик од негативни ефекти врз животната средина и влијае врз остварувањето на буџетските приходи. Вршењето на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини без целосна примена на методологијата за проценка на ризици при избор на субјекти на надзор, нецелосно извршени контролни надзори по издадените решенија за отстранување на неправилности, без потврдување на експлоатираните количини на мермер, како и во услови на недостаток на стручни човечки ресурси и опрема не обезбедува ефикасен контролен механизам.

Со ревизијата е опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор по извршената ревизија на успешност во 2021 година на тема „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците", презентирано во Известувања од преземените мерки кај МЕ, ДИТИ, Геолошки завод и УЈП како прилог кон овој Извештај, при што е утврдивме дека делумно се преземени мерки за имплементација на дадените препораки.

Ревизорските активности беа насочени кон три области при што се утврдени следните состојби:

**Систем за управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини**

На национално ниво не е донесена долгорочна стратегија за оптимално искористување и управување со минералните суровини повеќе од 11 години, а активностите за нејзино изготвување се започнати во 2022 година, со рок на донесување до април 2024 година. Законската регулатива која ја третира предметната област е изложена на чести измени и дополнувања, а одредени одредби не се доволно јасни и прецизни што создава несигурност при нивна примена. МЕ има недостиг на стручен кадар за остварување на својата надлежност во делот на креирање и имплементирање на политиките и управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минералните суровини. Базите на податоци на МЕ и катастарот на минерални суровини што го води Геолошки завод не обезбедуваат јасен и целосен преглед на состојбите со минералните суровини врз основа на кој ќе се вршат анализи со цел водење активна политика во однос на оптималното искористување на минералните суровини. Истовремено, во Законот за Геолошкиот завод не е доуреден поимот основни геолошки истражувања во функција на јасно утврдување на неговата надлежност. Доделувањето на концесиите за експлоатација на минералните суровини се спроведува по законски пропишани постапки и интерни процедури на МЕ, по кои се утврдени одредени слабости од аспект на: непропишани услови за докажување на техничка способност на понудувачите, условите според кои концедентот може да донесе одлука за поништување на постапката, избор на концесионери кои се новоформирани и не доставиле соодветен доказ за економско финансиската состојба согласно барањата од тендерската документација, како и непрецизно уредени договорни обврски за концесионерите кои не обезбедуваат правна заштита на концедентот, во случај на нивно непочитување.

**Концесиски надоместоци**

Системот на плаќање на концесиските надоместоци се спроведува без да биде уреден начинот на меѓусебна комуникација и размена на податоците помеѓу надлежните институции и без јасно дефинирање на меѓусебните односи и надлежности, што создава слабости во непречено и целосно следење на плаќањето и преземање на навремени мерки и активности за наплата на ненаплатените надоместоци од страна на концесионерите. Имајќи предвид дека со експлоатацијата е зафатен голем простор од природата од 334 $км^2$, кој во најголем дел е во државна сопственост, со која се менува природниот релјеф на површината и се предизвикуваат негативни влијанија врз животната средина, висината на надоместоците за користење на простор кои се определени во државата е на ниско ниво. Утврдениот начин на пресметка на надоместоците за експлоатирани количини не ги одразува реалните пазарни/продажни цени кои ги остваруваат концесионерите и истиот не придонесува за правично и рамноправно оптоварување на концесионерите. Придобивките за државата од продажбата на најквалитетниот мермер во однос на остварените приходи

од продажба на концесионерот кој изнесуваат 1%, односно во износ од 103.248 илјади денари или околу 1,7 милиони евра за период од 2018-2022 се незначителни во однос приходот кој го остварува концесионерот со продажба. За периодот 2018 - 2022 година, констатирани се помалку наплатени концесиски надоместоци во вкупен износ од 21.050 илјади денари од кои: 9.804 илјади денари по основ на простор, 5.421 илјади денари по основ на експлоатирана минерална суровина и во износ од 5.825 илјади денари по основ на пресметана, а ненаплатена камата и ненаплатен надоместок по записници од УЈП. За истиот период, ненавремено, односно по истекување на законски утврдениот рок наплатени се вкупно 1.174.809 илјади денари по основ на концесиски надоместок за простор и експлоатирана количина на минерални суровини. Во периодот на известување од ревизијата од вкупниот износ уплатени се 8.392 илјади денари за концесиски надоместоци и камата, а по основ на дадените препораки од претходната ревизија наплатена е камата во вкупен износ од 6.136 илјади денари која се однесува за периодот 2016-2022 година, што претставува додадена вредност во остварување на буџетски приходи.

Користените рударски техники за добивање на корисна маса и отсуството на мерки за реупотреба на јаловината имаат влијание врз степенот на искористеност на минералните суровини, зголемено производство на јаловина со кои се создаваат негативни ефекти врз животната средина. Утврдивме дека не е воспоставена политика за управување со залихите кои бележат пораст и имаат влијание врз остварувањето на буџетските приходи.

Со извршен увид и премерување, односно аерофотограметриско снимање на дефинираниот простор на концесијата утврден во склучениот договор/анекс договор за експлоатација, од страна на експерт/геодет, кај 2 концесии утврдивме ископ на минерална суровина надвор од дозволата за експлоатација што ја поседуваат концесионерите на вкупен простор од 9.989 $м^2$, што создава ризик концесионерите да не го пресметуваат и плаќаат надоместокот за експлоатираните количини надвор од експлоатационото поле.

**Надзор над експлоатацијата на минерални суровини согласно склучените договори и издадени дозволи**

Планирањето на надзорите и изборот на концесионери ДИТИ го врши без сеопфатна проценка и мерењето на степенот на ризиците кај субјектите на надзор, што влијае врз ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот и постигнување максимални ефекти во спречување на неправилностите. При тоа од вкупно 107 решенија на концесионерите за отстранување на неправилности во периодот 2020 - 2022 година не е извршен контролен надзор по 30 решенија за отстранување на неправилности, а за експлоатација на мермер издадени се само 4 решенија за отстранување на неправилности по кои се спроведени контролни надзори. Утврдените неправилности во текот на ревизијата во делот на експлоатација надвор од склучените договори и издадени дозволи имаат влијание врз реалноста на прикажаните експлоатирани количини и на пресметка и плаќање на концесиските надоместоци. ДИТИ располага со ограничени, недоволни и застарени технички

ресурси - опрема за утврдување на сомнеж од вршење на експлоатација надвор од експлоатационото поле за кое концесионерот поседува дозвола, што претставува ограничување во извршувањето надзор и ја намалува ефикасноста од истиот.
Утврдивме недостиг на инспекциски надзор врз донесените планови за управување со отпад, поради непрецизни законски одредби за надлежноста за вршење надзор над истите, што создава ризик врз намалување на негативните ефекти и штетните влијанија врз животната средина. Пролонгирањето на рокот за доставување на финансиска гаранција за надомест на штетни ефекти врз животната средина влијае врз спречување или намалување на производството на отпад и покривање на евентуално настанатите штетни последици.

Во насока на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки за подобрување на состојбите во делот на: правната и стратешката рамка на системот за управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини, функционалноста и ефективноста на постапките за доделување/одземање на концесиите за минералните суровини, наплатата на концесиските надоместоци и воспоставениот механизам за надзор и контрола над работењето на концесионерите, а со цел оптимално искористување на минералните суровини согласно начелата на одржлив развој.

Од страна на одговорните лица на Геолошки завод и МЕ до Државниот завод за ревизија доставени се 23 забелешки, известувања и одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е утврдено дека една забелешка не се прифаќа, две забелешки делумно се прифаќаат, а 20 забелешки претставуваат известување и образложение со кое се потврдуваат констатираните состојби.

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Основ и причини за изврšување на ревизијата

Минералните суровини се добра од општ интерес кои се главен ресурс за вкупниот економски и општествен развој на секоја национална економија. Рударството како стопанско индустриска гранка преку ископувањето на различните видови на метални и неметални руди и минерали претставува единствена и значајната дејност која со основни суровини ги снабдува индустријата, градежништвото и други стопански гранки.

Рудните резерви на минерални суровини во светот се повеќе се намалуваат поради се поголемата побарувачка за метални, неметални и енергетски минерални суровини, а кои како минералното богатство се необновливи. Со тоа и проблемот за рационално искористување на рудните резерви на минералните суровини, при експлоатација на иститие не губи од своето значење и секогаш ќе биде актуелен.

Неопходно со искористувањето на минералните суровини е да се обезбеди нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина.




Темата на ревизијата е поврзана и со остварување на целите за одржлив развој како една од приоритетните цели на Државниот завод за ревизија согласно Стратешкиот план за ревизија за период 2021–2023 година. Имено, ревизијата е поврзана со цел 11 – Одржливи градови и заедници, точка 11.6 која се однесува на намалување на негативното влијание врз животната средина и на управувањето со отпад, како и цел 12 - Одговорна потрошувачка и производство, точка 12.2 која се однесува на постигнување одржливо управување со природни ресурси и нивно ефикасно користење до 2030 година.




Одржливиот развој претставува континуиран процес кој вклучува подобрување на интеграцијата на економските, социјалните и аспектите на животната средина кои се взаемно зависни и испреплетени димензии:

- Економска димензија (економски ресурси, развој и раст);
- Димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето);
- Социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).

За постигнување на оваа одржливост потребно е и доброто управување: јасна, структурирана национална политика за експлоатација на минералните суровини што ќе обезбеди достапност на суровините, а во исто време заштита на животната средина

и други социјални и културни вредности, овозможувајќи да се запазат основните принципи на одржлив развој.

Земајќи ги во предвид наведените аспекти, како и резултатите од извршената ревизија во 2021 година на тема „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците", ДЗР утврди потенцијални ризици за вршење на ревизија на успешност на тема: „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот" и истата ја предвиде и реализира согласно Годишната програма за 2023 година.

## 1.1. Предмет на ревизија

Предмет на ревизијата е проценка на ефикасноста на преземените мерки, политики и активности од надлежните институции за доделување на концесии за експлоатација, наплата на концесиските надоместоци и надзор над реализацијата на склучените договори за експлоатација на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност.

Експлоатација на минерални суровини претставува активност на добивање, односно ослободување на минералните суровини од нивната природна состојба вклучувајќи ги подготвителните, придружните и последователните активности поврзани со добивањето на минералните суровини. Право за вршење на експлоатација на минералните суровини се стекнува со добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини [1], која ја доделува Владата (концедент) согласно утврдени постапки [2]. Со концесијата за експлоатација на минералните суровини на концесионерот му се доделуваат минералните суровини заради нивна експлоатација на определен простор на определен временски период, најмногу до 30 години.

Заклучно со 31.12.2022 година доделени се концесии за експлоатација на минерални суровини на вкупно 257 концесионери за 348 концесии, на вкупна површина од 333,73 км$^2$, што претставува 1,3% од вкупната територија на државата. Се експлоатираат вкупно 50-тина видови минерални суровини, а најмногу концесии се издадени за експлоатација на варовник – 106 концесии, за вода – 49 концесии, за песок и чакал – 44 концесии, за експлатација на мермер 29 концесии.

Со оваа ревизија на успешност активностите беа насочени кон постапките за доделување на концесија и реализација на склучените договори за експлоатација на минерални суровини, со посебен осврт на архитектонско-украсен камен, односно мермерот.

> Варовниците и доломитите од кои се добива мермерот зафаќаат голем дел од територијата на државата при што се издвојваат три региони: доломитски калцитски мермери на пелагонискиот масив, во западномакедонското подрачје и варовници и доломити во вардарската зона. Постојат повеќе наоѓалишта на мермер кои особено се сконцентрирани на подрачјето на општините Прилеп и Долнени.

[1] Член 36 од Законот за минерални суровини;
[2] членови 40, 40-а, 41, 42 и 43 од ЗМС и глава II од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;




Извор на топографска карта: Геолошки завод

## 1.2. Законска регулатива

Во Уставот на Република Северна Македонија се уредени основите на економските односи, со кои сите природни богатства, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење[3].

Правната рамка е определена во повеќе законски и подзаконски акти :

- Законот за минерални суровини[4];
- Законот за концесии и јавно приватно партнерство[5];
- Закон за животната средина[6];
- Закон за инспекциски надзор[7];
- Закон за прекршоците[8];
- Закон за општа управна постапка[9].

**Подзаконски акти од областа:**

- Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини;
- Уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес;

---

[3] Член 56 од Устав на РСМ;
[4] („Службен весник на РМ" бр.136/12, 25/13.......Службен весник на РСМ бр.99/2022);
[5] („Службен весник на РМ" бр.6/2012, 144/2014.......Службен весник на РСМ бр.89/2022);
[6] („Службен весник на РМ" бр.53/2005.......... и „Службен весник на РСМ" бр.171/2022);
[7] („Службен весник на РМ" бр.50/2010...........120/2018);
[8] („Службен весник на РСМ" бр.96/2019);
[9] („Службен весник на РСМ" бр.96/2019).

- Правилник за начинот на доставување и содржината на пресметката на експлоатираните количини на минерални суровини во тековната година;
- Правилник за начинот на водење на евиденцијата на произведените количини на минерални суровини;
- Правилник за содржината на Планот за управување со отпад од минерални суровини.
- Други подзаконски и интерни акти поврзани со темата на ревизија.

## 1.3. Институционална рамка

Институционалната рамка за утврдување и спроведување на политиките и постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, надзор и контрола над експлоатација на минералните суровини и наплатата на концесиските надоместоци ја сочинуваат следните институции:

- Влада на Република Северна Македонија,
- Министерството за економија,
- Геолошки завод на Република Северна Македонија;
- Државен инспекторат за техничка инспекција,
- Државен инспекторат за животна средина и
- Управа за јавни приходи.

**Владата на Република Северна Македонија** ги утврдува политиките и стратешките приоритети за управување со минералните суровини, донесува одлука за доделување концесија за експлоатација, донесува одлука за раскин на договорот за концесија за експлоатација, формира Комисија за спроведување на постапката за експлоатација, донесува тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на концесии.

**Министерството за економија** е клучна институција за спроведување на политиките и постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини а кои се однесуваат на: доставување на предлог за започнување на постапка за доделување на концесија до Владата, склучување договори за концесија во име на концедентот - Владата, издавање дозволи за експлоатација, изготвување на работни материјали, извештаи и информации за минералните суровини, администрирање со системот е-концесии, спроведување постапки за пренос на концесии, давање согласност во случај на статусни измени, пренос на удели или акции, надзор над спроведувањето на ЗМС и прописите донесени врз основа на истиот и други работи согласно закон. Согласно организационата поставеност на МЕ, формиран е Секторот за минерални суровини, со надлежности од аспект на темата предмет на ревизија.

Во постапките за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини, министерството по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област.

Покрај органите на државната управа МЕ по службена должност бара мислење и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на експлоатација.

**Геолошки завод на Република Северна Македонија** е надлежен да врши истражувачки, стручно аналитички и други работи од областа на основните геолошки истражувања кои се од јавен интерес, а кои се однесуваат на изработка на основните геолошки, хидрогеолошки, инженерско-геолошки. геохемиски и сеизмотехнички карти, врши стручна оцена (ревизија) на геолошката документација, учествува во изработка на стратегијата за геолошки истражувања, води катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Северна Македонија, го развива единствениот геолошки информациски систем и дава податоци и информации на корисниците на резултатите од геолошките истражувања.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши **Државниот инспекторат за техничка инспекција**, инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите кои се однесуваат на животната средина врши **Државниот инспекторат за животна средина**, а надзор над спроведувањето на одредбите во однос на вршењето на експлоатација на минерални суровини без концесија и дозвола за експлоатација на минерални суровини, покрај надлежните инспекциски органи врши и **Министерството за внатрешни работи**.

Надзор и контрола над плаќањето на надоместоците за концесија за експлоатација на минерални суровини врши **Управата за јавни приходи**.

### 1.4. Концесиски надоместоци

Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана (продадена) количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Владата на предлог на министерот од МЕ донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на Република Северна Македонија и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

За вршење на експлоатација на минерални суровини за периодот 2018 - 2022 година, наплатени се вкупно 2.781.024 илјади денари концесиски надоместоци од кои: 287.307 илјади денари надоместок за користење на простор, 2.487.581 илјади денари надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина и 6.136 илјади денари по основ на камата по двата основи, кои се презентирани на следната табела:

**Табела бр.1 –** Надоместоци за експлоатација на минерални суровини со наплатена камата за задоцнето плаќање за период од 2018 – 2022 година

000 денари

| **Концесиски надоместоци за:** | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Користење на простор | 54.542 | 53.714 | 48.688 | 62.701 | 67.945 |
| Експлоатирана минерална суровина | 473.399 | 453.761 | 423.067 | 558.647 | 584.560 |
| **Вкупно** | **527.941** | **507.475** | **471.755** | **621.348** | **652.504** |

Структурата на учество на поединечните видови концесиски надоместоци во вкупно наплатените надоместоци е презентирана на следниот графички приказ:

**Графикон бр. 1** – Вкупно наплатени концесиски надоместоци за користење на простор и експлоатирани-продадени количини, по видови на минерални суровини

во 000 денари




Според структурата на учество на поединечните видови концесиски надоместоци во вкупно наплатените најголемо учество имаат надоместоците од експлоатација на металичните минерални суровини со 52,3%, по што следат неметаличните минерални суровини со 14,7%, архитектонско украсниот камен со 13,2%, енергетските минерални суровини со 10,7%, водите и гасот со 7,9%, па песок, чакал и собирен кварц со 1,3% и најмало учество имаат техногените минерални суровини со 0,003%.

## 2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА

### 2.1. Цели на ревизијата

Целта на ревизијата на успешност е:

- да се процени ефикасноста на воспоставените политики и постапки на доделување/одземање на правото за вршење на експлоатација;

- да се оцени дали системот на утврдување и наплата на концесиските надоместоци за користење на простор и експлоатација на минералните суровини овозможува нивна соодветна, целосна и навремена наплата;
- да се утврди доволноста и ефикасноста на воспоставениот надзор и контрола над реализација на склучените договори и
- да се дадат препораки во насока на подобрување на политиките и постапките за доделување на правото за експлоатација на минералните суровини и надзор над реализацијата на склучените договори.

## 2.2. Ревизорски прашања

Ревизијата на успешност треба да даде одговор на следното ревизорско прашање „Дали политиките и преземените мерки и активности од надлежните органи обезбедуваат сигурност за ефикасно доделување на концесии и надзор над реализацијата на склучените договори за експлоатација на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност?“.

Специфичните прашања по утврдени области се:

- Дали политиките, постапките и активностите за доделување/одземање на правото за експлоатација обезбедуваат доволна подготвеност и сигурност за остварување на одржлива искористеност и поттикнување на експлоатацијата на минералните суровини?
- Дали системот за плаќање и надзор на концесиските надоместоци за користење на простор и експлоатација на минералните суровини е уреден и воспоставен на начин кој овозможува нивна соодветна, целосна и навремена наплата?
- Дали е обезбеден сеопфатен и ефикасен систем на надзор и контрола над имплементацијата на преземените обврски од страна на концесионерите и издадените дозволи за експлоатација на минералните суровини, со посебен осврт на мермерот?

## 2.3. Опфат на ревизија

Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2020 до 2022 година, а дадени се и состојби кои се случиле претходно и последователно. Со ревизијата беа опфатени:

- Министерството за економија,
- Геолошки завод на Република Северна Македонија,
- Државен инспекторат за техничка инспекција,
- Државен инспекторат за животна средина,
- Управата за јавни приходи,
- Правни лица/концесионери со договор за експлоатација на минерални суровини.

Ревизијата изврши теренска проверка кај 14 концесионери, достави прашалници до 40 концесионери и врз основа на добиената документација од 33 концесионери изврши повторна пресметка на концесиските надоместоци. Проверката дали концесионерите вршат експлоатација во рамките на експлоатационото поле беше извршена со вклучен

експерт - геодет кој изврши аерофотограметриско снимање на концесискиот простор кај 2 концесионери за експлоатација на мермер.

За постапката за избор на концесионери применет е нестатистички избор на примерок врз основа на примена на критериуми за: вид на минерална суровина (со посебен осврт на мермерот и други видови на архитектонско украсен камен), површина на концесиски простор, територијална распространетост на издадените концесии, експлоатирани/продадени количини на минерални суровини, плаќање на концесиските надоместоци и други специфични показатели за концесијата (пр. концесии кои не се активни, концесионери по години на користење на концесијата).

## 2.4. Критериуми за ревизија

За оценка на ефикасноста на државните органи во системот за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, плаќање на концесиските надоместоци, надзор и контрола, во однос на нормативната и стратешката рамка, постапките за доделување/одземање на концесии за експлоатација, преземањето на мерки за наплата на концесиските надоместоци и реализација на договорите за концесија применети се критериуми и индикатори за оценка наведени во Прилог број 1 кон ревизорскиот извештај.

## 2.5. Методологија на ревизија

2.5.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

2.5.2. За постигнување на целта на ревизијата, при извршување на ревизијата применивме пристап ориентиран кон системи и пристап ориентиран кон резултатите, поединечно или во комбинација, во зависност од спецификата на соодветниот критериум.

2.5.3. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки, користени се следните техники:

- проучување на законската регулатива од областа предмет на ревизија;
- испитување на документација;
- истражување со примероци;
- интернет истражувања;
- секундарна анализа - истражување во литературата;
- интервјуа со лица релевантни за темата на ревизијата;
- компаративни анализи;
- директно набљудување;
- претходно - последователни проучувања;
- користење на експерт.

2.5.4. Согласно законската регулатива и Меѓународните стандарди за ревизија, за потребите на ревизијата беше ангажирано едно надворешно стручно лице експерт од областа на рударството.

2.5.5. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 02.03.2023 до 30.12.2023 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

2.5.6. Со ревизијата е опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор по извршената ревизија на успешност по Годишната програма за 2020 година на тема „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците".

Проверка на спроведување на препораките е презентирана во Известувања од преземените мерки кај МЕ, ДИТИ, Геолошки завод и УЈП кои се дадени како прилози кон овој Извештај, при што е констатирано дека делумно се преземени мерки за имплементација на дадените препораки, а нивниот статус е презентиран во следната табела:

**Табела бр.2 –** Статус на препораките

| Субјект | Вкупно препораки | Статус на препораките | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | спроведени | делумно спроведени | во тек | неспроведени |
| МЕ | 19 | 2 | 9 | 8 | / |
| ДИТИ | 9 | 2 | 4 | 2 | 1 |
| Геолошки завод | 2 | / | / | 1 | 1 |
| УЈП | 1 | / | / | 1 | / |
| **Вкупно** | **31** | **4** | **13** | **12** | **2** |

2.5.7. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 10.01.2024 година, пред одговорните лица и надлежните органи на субјектите предмет на ревизија.

Од страна на одговорните лица на Геолошки завод и МЕ до Државниот завод за ревизија доставени се забелешки, известувања и одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките и известувањата се однесуваат на дадените препораки број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 25, алинеи 1, 2 и 3, 26, 27, 28, 29 и 30. Истите се разгледани и е утврдено дека забелешката на дадената препорака број 28 не се прифаќа, забелешките на дадените препораки број 25 алинеја 1, 2 и 3 делумно се прифаќаат и истите се соодветно прилагодени во Конечниот извештај, а забелешките на дадените препораки број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 26, 27, 29 и 30 претставуваат известување и образложение со кое се потврдуваат констатираните состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

# 3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 3.1. Систем за управување со процесот на доделување и одземање на правото за експлоатација на минерални суровини

Стратешки и програмски документи

3.1.1. Заради остварување на целите и насоките за усогласено вршење на геолошките истражувања, експлоатацијата и одржливото искористување на минералните суровини, Владата на предлог на министерот за економија треба да донесе Стратегија[10] за период од 20 години. Стратешкиот документ до денот на ревизијата не е донесен, иако се изминати 11 години од донесување на законот. МЕ во 2021 година преку склучување на меморандум за соработка[11] со МАНУ ги започнува активностите за изготвување на истиот по што врз основа на заклучок Владата[12] во 2022 година склучува договор за изготвување на стратегијата[13]. Рокот за изготвување на стратегијата е две години, односно до мај 2024 година, а до денот на вршење на ревизијата до МЕ е доставена нацрт верзија на стратегијата, по што треба да се изврши усогласување и одржување на јавна расправа за истата.
Отсуството на стратешко планирање, јасно дефинирани приоритети и стратешки цели, мерки на краток, среден и долг рок, одговорни институции и утврдени индикатори за мерење на ефектите од имплементацијата, не обезбедува долгорочна визија и спроведување на ефективна политика за управување во делот на обемот и начинот на реализација на геолошките истражувања и експлоатација на минералните суровини, како и нивно одржливо искористување за развој на националната економија.

3.1.2. Во рамките на Стратешкиот план на МЕ донесен за период 2020 – 2022 година[14] се утврдени приоритетите на министерството, меѓу кои планирање и одржливо искористување на природните богатства, со следните цели:

- истражување, експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини,
- планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и
- развивање на институционалните капацитети и унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини.

Министерството утврдило четири стратешки програми, меѓу кои и Програмата Одржливо искористување на природните ресурси со две потпрограми[15] за кои е утврден план за спроведување со показатели на успешност. За потпрограма Одржливо искористување на минералните суровини како стратешки приоритет и цел е утврдено истражување, експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини, односно поттикнување на геолошките и проспекциските истражувања на одредени простори за утврдување на минералните и неминералните природни ресурси и нивно

[10] Член 5 од ЗМС;
[11] Бр.24-3870/1 од 18.08.2021 година;
[12] Извадок од Нацрт – записник бр.41-2694/1 од 12.04.2022 година од 37-та седница на Владата на РСМ одржана на 12.04.2022 година;
[13] Бр.24-2714/1 од 17.05.2022 година;
[14] бр.19-763/1 од 28.01.2020 година;
[15] Потпрограма 1 Развој на енергетиката и потпрограма 2 Одржливо искористување на минералните суровини.

искористување. Бројот на објавени повици за доделување на концесии е утврден како показател на успешност, но без да се наведе определен број на повици кои треба да се објават за да се мери успешноста за реализација на програмата.
Со планот за спроведување на наведената потпрограма се предвидени осум активности[16] кои се општи и се однесуваат на тековното работење на Секторот за минерални суровини, и е утврдена временската рамка за спроведување на истите и потребните човечки и финансиски ресурси. Наведените активности се опфатени/содржани и во годишните планови за работа на МЕ за периодот 2020-2022 година, а за реализација на предвидените активности се известува во рамките на годишните извештаи за спроведување на годишните планови за работа на МЕ преку податоци и информации за реализираните активности за секоја поединечна активност.

Изготвените стратешки планови и годишни програми за работа на МЕ не содржат конкретни активности со утврдени мерливи индикатори на успешност насочени кон остварување на стратешкиот приоритет, поради што не се обезбедува соодветна рамка за поттикнување, унапредување и одржлива експлоатација и искористеност на минералните суровини.

### Законски и подзаконски акти

3.1.3. Со извршената анализа на законските одредби од ЗМС утврдивме одредени недоречености и слабости кои можат да имаат влијание врз вршењето на рударски работи и правилна експлоатација на минералните суровини и тоа:

- условите и начинот на вршење геолошки истражувања, експлоатацијата на минералните суровини и нивната преработка се уредени со ЗМС преку донесување на 61 подзаконски акти. Ревизијата утврди дека 31 акт се донесени, од кои поголем дел, односно 21 се донесени во 2022 година, додека 30 подзаконски акти се уште не се донесени (Прилог бр.2). МЕ во 2021 и 2022 година, заради добивање на мислење, до Секретаријатот за законодавство има доставено 25 подзаконски акти за кои се уште не е добиено мислење за отпочнување на постапка на донесување на истите. Во месец декември 2023 година по спроведена постапка за јавна набавка за изработка на технички нормативи и склучен договор со избраниот економски оператор до МЕ се доставени правилниците со кои се утврдуваат техничките нормативи кои важат при изведување на рударските работи и експлоатацијата на минералните суровини, кои се уште не се доставени до Секретаријат за законодавство, заради добивање на мислење. Поради наведените состојби тековно се во примена правилници донесени пред влегувањето во сила на постојниот закон, меѓу кои и Правилникот за класификација и категоризација на резервите на цврсти минерални суровини и за водење евиденција за нив, кој е донесен во 1979

[16] Одржување на ГИС софтверските пакети и системот е–концесии, објавување на тендери за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, ангажирање на консултантски услуги за изработка на Стратегија за управување со минералните суровини и технички нормативи кои произлегуваат од законската регулатива, ангажирање на експерти од областа на геологијата и рударството и исплата на члековите на комисиите во формирани согласно ЗМС;

година, иако е еден од позначајните подзаконски акти кој влијае врз вложувањата во истражувањата и експлоатацијата на минералните суровини. Со новиот Правилник за начинот на водење на евиденцијата на произведените количини на минерални суровини[17] од 2022 година не се пропишани обрасците за водење на евиденција на произведени количини од страна на концесионерите, поради што се користат евиденциските листови пропишани со Правилникот[18] донесен согласно одредбите на стариот ЗМС од 2007 година. Нецелосното и ненавременото уредување на соодветната област со подзаконски акти по донесување на ЗМС во 2012 година влијаело да се применуваат подзаконските акти кои не се усогласени со постојните законски одредби, со што е овозможена неправилна примена на истите;

- во ЗМС [19] за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини се предвидува издавање на една лиценца со која се опфатени сите насоки во рударството, а кои од стручен аспект се различни. На ваков начин се ангажираат лица дипломирани рударски инженери од областа преработка на минерални суровини како учесници, а некаде и како главни проектанти на главен/дополнителен рударски проект, иако немаат стручен испит од експлоатација на минерални суровини. Исто така, за изработка на друга рударска документација [20] не се пропишани услови за утврдување на лица (правни/физички) со соодветна струка кои би можеле да ја изработат истата. Со увид во документацијата утврдивме дека кај одредени концесионери документацијата е изработена од фирми или лица за кои нема доказ дека зад нивната изработка стои лице со соодветната струка, односно рударски инженер или лице кое поседува лиценца. Ваквата состојба влијае врз стручноста при изработката на проекти, за извршување рударски операции и се одразува врз работењето на рудникот во делот на управување со отпадот и заштита на животната средина.

### Институционална поставеност и капацитети

3.1.4. Геолошките истражувања опфаќаат основни геолошки истражувања, научни и проспекцски геолошки истражувања и детални геолошки истражувања, а податоците добиени од геолошките истражувања се сметаат за геолошки податоци. Согласно ЗМС основните геолошки истражувања се геолошки истражувања кои се вршат со цел да се добијат основни податоци за геолошката градба на просторот на земјата, кои ќе се користат за истражување на наоѓалиштата на минерални суровини, за

---

[17] Бр.24-1017/1 од 25.02.2022 година објавен во Сл весник на РСМ бр.51/2022;

[18] Правилник за начинот на водење на евиденција на произведените количини на минерални суровини бр.24-756/4 од 17.02.2010 година објавен во Сл. весник на РМ бр.25/2010;

[19] член 73 и 73-а од ЗМС;

[20] елаборати за заштита на животна средина, план за управување со отпад, елаборат за проценка за ризик по работни места, уверение за стручна оспособеност на работниците за извршување на работите (ракувач на рударски машини).

водоснабдување, за хидротехнички и инфраструктурни објекти, во земјоделството, како и за потребите на просторното планирање.

Заради вршење на основните геолошки истражувања се основа Геолошки завод на Република Македонија[21], а неговото основање, работа, надлежност, раководење и финансирање се уредува со Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија[22]. Со анализа на законската регулатива ревизијата утврди одредени нејаснотии и недоречености во/помеѓу одредбите на ЗМС и Законот за Геолошкиот завод и тоа:

- согласно ЗМС надлежност за вршење на основните геолошки истражувања има Геолошкиот завод, но во Законот за Геолошкиот завод отсуствува целосно и јасно доуредување на поимот основни геолошки истражувања;
- основните податоци добиени со основните геолошки истражувања согласно ЗМС се користат за: истражување на наоѓалиштата на минерални суровини, водоснабдување, хидротехнички и инфраструктурни објекти, земјоделството, како и за потребите на просторното планирање[23]. Додека пак со основните геолошки истражувања, дефинирани со Законот за Геолошкиот завод, не е наведено дека истите се користат за истражување на наоѓалиштата на минерални суровини[24];
- содржината и начинот на изработка на геолошката документација за вршење на основни, проспекциски и детални геолошки истражувања е уредено со одредбите на ЗМС[25]. Изработката на геолошката документација, изведувањето и надзорот на геолошките истражувања се врши од правни лица кои ги исполнуваат пропишаните услови[26] со исклучок на основните геолошки истражувања кои не може да се вршат од лицето кое учествувало во изработка на геолошката документација врз основа на која се изведуваат геолошките истражувања. Во услови кога Геолошкиот завод е ограничен во вршењето на основни геолошки истражувања кои се утврдени како негова исклучива надлежност со ЗМС, во годишните програми предвидува основните геолошки истражувања да ги извршува со избран економски оператор по претходна спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка[27]. Недоволната кадровска екипираност на Геолошки завод исто така влијае врз извршувањето на неговата основна функција. Имено, од вкупно предвидените 29 работни места со актот за систематизација на работните места, со состојба 31.12.2022 година пополнети се 14 работни места, што претставува 48% од вкупно предвидените работни места;
- геолошката документација за вршење на основни, проспекциски и детални геолошки истражувања подлежи на стручна оцена (ревизија) што ја врши комисија за ревизија формирана од страна на Геолошки завод[28]. Од друга страна, директорот

[21] Член 8 од ЗМС;
[22] Закон за Геолошки завод на Република Македонија Сл. весник на РМ бр.136/12, 41/14, 61/16 и 64/18);
[23] Член 8 од ЗМС;
[24] Член 4 и 4-а од Законот за Геолошки Завод;
[25] Член 30. 30 а и 31 од ЗМС;
[26] член 32 од ЗМС;
[27] член 4-а од Законот за Геолошки завод;
[28] член 30-а и 34 од ЗМС;

е надлежен[29] да формира комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација за основни и проспекциски геолошки истражувања, а не и за детални геолошки истражувања.

Утврдените неусогласености и недоречености на одредбите во законската регулатива во делот на дефинирањето на поимот основни геолошки истражувања, како и отсуството на одредби со кои прецизно ќе се регулира улогата и надлежноста на Геолошки завод имаат за ефект ограничување на вршењето на основните геолошки истражувања од негова страна, како и релевантноста на извршената ревизија на геолошката документација за деталните геолошки истражувања.

3.1.5. МЕ согласно ЗМС има надлежност за креирање и имплементирање на политиките за управување со процесот на доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини. Своите надлежности ги врши преку Секторот за минерални суровини кој е организиран во 3 одделенија и тоа: одделение за експлоатација и анализа на минерални суровини и заштита на животната средина, одделение за геологија и геолошки истражувања и одделение за мониторинг и следење на договорите за концесии за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

Во Секторот за минерални суровини согласно систематизацијата на работните места[30] од предвидените 17 работни места пополнети се 8, што претставува 47% пополнетост. Во одделенијата за експлоатација и геологија предвидени се по 5 работни места, од кои во првото одделение пополнети се 3, а во второто 2 работни места. МЕ кон крајот на 2021 година по препорака дадена во КИ на ОДР од 2021 година основа Одделение за мониторинг и следење на договорите за концесии кое исто така од предвидените 5 работни места е пополнето со 1 лице, за период пократок од една година, со надлежност за следење на склучените договори за концесии, подготовка на анализи за реализацијата на договорите за експлоатација, ажурирање на податоците и друго. Во Секторот за минерални суровини не е вработено ниту едно лице со образование од дејноста рударство, односно рударски инженери кои се потребни за извршување на работните задачи во делот на следење на активностите поврзани со рударските работи, имајќи предвид дека експлоатацијата на минералните суровини е област која опфаќа активности поврзани со рударство и познавање на истата проблематика. Во услови на делумна пополнетост, вработените во Секторот за минерални суровини покрај своите обврски ги извршуваат обврските и на останатите работни места за кои нема назначено извршители што има влијание врз ефикасно функционирање на Секторот и квалитетно и навремено извршување на работните задачи.
Ревизијата нагласува дека во 2023 бројот на вработени во секторот е намален уште за двајца вработени (од кои еден во одделението за мониторинг), така што до моментот на известување на ревизијата од вкупно 8 вработени бројот се намалува на 6.

[29] член 8 од Законот за Геолошки завод и член 30-а од ЗМС:
[30] Правилник за систематизација на работните места во МЕ бр. 04-1343/10 од 12.03.2021 година и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во МЕ бр. 04-1343/10 од 27.12.2021;

**Графикон бр.2** – Систематизирани и пополнети работни места во Секторот за минерални суровини




Недоволната кадровска екипираност влијае врз отежнато и непречено извршување на основната функција и спроведување на активностите за мониторинг и следење на договорите за концесии за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини во Секторот за минерални суровини.

### Податоци за минералните суровини

3.1.6. Геолошки завод е надлежен да води Катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини на Република Северна Македонија[31]. Катастарот е јавна книга во која се води историја на податоци за сите наоѓалишта и појави на минерални суровини (метални, неметални и енергетски), подземните води (термални, минерални и термоминерални, подземни води и подземни гасови) како и подземни гасови. Со Катастарот се прибираат просторни податоци, а со цел увид во состојбата со минералните суровини, создавање на услови за планирање на геолошките истражувања и планска експлоатација, односно оптимално користење на минералните суровини во Република Северна Македонија.
Во Катастарот се внесуваат основни и геолошки податоци за наоѓалиштето, податоци за геолошки резерви, за рудни резерви во наоѓалиштето, како и податоци за наоѓалишта на минерална суровина, рудни и минерални појави, техногени наоѓалишта и издадени простори под концесии за проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини. Формата, содржината и начинот на водење на Катастарот е пропишан со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини[32].

Катастарот треба да биде составен од Главна книга - Катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини и осум помошни книги, односно книга за: активни наоѓалишта на минерални суровини доделени под концесии за експлоатација, наоѓалишта на минерални суровини каде е прекината или завршена експлоатацијата на минералната суровина, наоѓалишта оптимално истражени и пред отпочнување со експлоатација,

[31] Член 4 и 4-в од Законот за Геолошки завод („Сл.весник на РМ" бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18);
[32] („Сл.весник на РМ" бр.196/2018 од 29.10.2018);

наоѓалишта на техногени минерални суровини, научни геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања, основни геолошки истражувања и детални геолошки истражувања.

Со извршениот увид во катастарот (во пишана и електронска форма) што го води Геолошкиот завод на Република Северна Македонија утврдивме дека од вкупно пропишаните осум помошни книги се водат само две, и тоа книга 1 – активни наоѓалишта на минерални суровини доделени под концесија за експлоатација и книга 5 – научни геолошки истражувања.

Во книга 1 се внесуваат податоците добиени од елаборатите за извршени детални геолошки истражувања и елаборатите за прекатегоризација на рудните резерви кои се доставуваат до Геолошки Завод заради вршење стручна оцена (ревизија), додека во книга 5 се внесуваат податоците од доставените барања за извршување на научни геолошки истражувања од страна на научни установи.

Делумно воспоставената база на податоци е резултат на не воспоставен систем за континуирано обезбедување на податоци од МЕ и други надлежни институции потребни за внесување во катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Северна Македонија.

Ревизијата нагласува дека ниту со Законот за геолошки завод ниту со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини не е пропишан начинот на чување, заштита, архивирање и издавање на податоците од катастарот, иако истиот е пропишан како јавна книга.

Поради наведените состојби катастарот не обезбедува јасен и целосен преглед на состојбите со минералните суровини врз основа на кој ќе се вршат анализи по пребарувачки податоци и прикажување на трендот на промени, а со цел водење активна политика во однос на оптималното искористување на минералните суровини.

3.1.7. МЕ води регистар на склучени договори и издадени дозволи за експлоатација на минерални суровини, како евиденција во (ексел табела), кој се објавува на нивната веб страна. Можност за водење на регистарот, со посебен модул има и на ГИС апликацијата која ја води МЕ, но таму податоците не се внесуваат на редовна основа. МЕ има обврска[33] за редовно информирање на јавноста преку објавување на договорот за концесија за геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и дозволата за експлоатација на веб-страницата на МЕ. Ревизијата утврди дека во ЗМС не е утврдена обврска за водење на регистар на склучени договори и издадени дозволи, одземени/раскинати договори, ниту подзаконски акт со кој би се уредиле: содржината, начинот на водење на регистарот, податоците кои треба да бидат достапни, динамиката на објавување и ажурирање на податоците во регистарот. Со увид и анализа на податоците на регистарот утврдивме дека регистарот содржи не ажурирани податоци по основ на извршени проширувања на концесискиот простор кај концесионерите, а притоа, последната објава на истиот на веб страната на МЕ е на 05.12.2022 година што укажува дека податоците не се ажурираат на редовна основа.

[33] член 99 од ЗМС;

Во периодот по одржување на завршниот состанок од извршената ревизија пристапено е кон објавување на ажурирана состојба на регистарот на веб страната на МЕ на 17.01.2024 година.

Наведената состојба влијае врз можноста за сеопфатно следење на состојбата на минералните суровини, преку кој би се овозможило: воспоставување база на релевантни податоци за водење на активна политика за планирање и доделување на договори за експлоатација, како и јавно достапни, сеопфатни и точни информации за доделените концесии за минерални суровини.

3.1.8. Владата по поднесена иницијатива и одржана седница на 29.08.2018 година[34] го задолжува Геолошкиот завод во соработка со МЕ да ја разгледа можноста полудрагите или драгите камења да се заштитат со соодветен акт, при што за нивно евентуално користење и експлоатација потребно е да се плаќа надоместок кој треба да се уплати како приход во Буџетот на државата. Врз основа на заклучокот на Влада, Геолошкиот завод има изработено Елаборат за заштита на македонскиот производ минерална суровина (корунд)[35], со опфат на географска ознака на производот „Македонски рубин“, историјат, податоци за географското подрачје, опис на начинот и постапката за експлоатација на минералната суровина. Изготвениот Елаборат е доставен на мислење[36] до МЕ со наведување дека во истиот предвидени се активности кои се во надлежност на МЕ и од тие причини Геолошкиот завод бара МЕ да се произнесе по истиот, но до денот на известување од извршената ревизија нема повратен одговор до Геолошкиот завод, со што изготвениот елаборат засега е останат само како изготвен документ.

Во Република Северна Македонија корундот, познат како „Македонски рубин“, се јавува како секундарна минерална суровина во процесот на експлоатацијата на доломитски мермер и наоѓа примена во изработка на накит, јувелирски камења. Врз основа на досегашните истражувања, статии[37], извршени анализи, како и информациите презентирани во изготвениот Елаборат, појава на корундови (рубин) минерали во мермерот се познати во околината на Прилеп (на локалитетот Сивец но и во другите рудници на доломитско калцитските мермери - Присад, Бела Пола, Беловодица).



Слика број 1 - Корунд

[34] Извадок од Нацрт Записник од Осумдесет и петата седница од Владата , одржана на 29.08.2018 г.

[35] Елаборат за заштита на македонскиот производ минерална суровина (корунд), географска ознака, наменета за производство на јувелирски камења под името „Македонски рубин“ бр.10-169/1 од 08.07.2019;

[36] Барање на мислење од Геолошки завод до МЕ бр.10-169/2 од 08.07.2019 година;

[37] Статија на проф. Др.Тена Шијакова – Иванова на тема Корунд ($Al_2O_3$) од наоѓалиштето Сивец за магазинот за македонската индустрија за камен - Камен&Stone од март 2006 година;

Во ЗМС[38], корундот не е утврден како вид на минерална суровина. Од друга страна пак, во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците[39], за експлоатација на скапоцени и полускапоцени камења утврден е надоместок во износ од 5% од вредноста на продадената минерална суровина. Во Тарифникот не се експлицитно утврдени видовите на скапоцени и полускапоцени камења кои се јавуваат во државата, а поради неусогласеноста на Законот и Тарифникот, по овој основ не се остварени приходи од продажба во Буџетот на Република Северна Македонија.

Врз основа на спроведените интервјуа по однос на појавата и експлоатацијата на минералната суровина корунд со претставници на концесионерите, како и со раководни лица во надлежните институции МЕ, ДИТИ и Геолошки завод, утврдивме дека ставовите се поделени, поради што ревизијата смета за потребно да извести за различните мислења и изнесени гледишта. Имено, од страна на претставници на одредени концесионери беше истакнато дека корундот се наоѓа во големи количини при експлоатација на мермерот и е најзастапен на локалитетот Сивец, с.Присад, но го има и на други локации во помали количини. *„Концесионерите не се заинтересирани и немаат законско право за експлоатација, па дел од корундот се уништува во процесот на експлоатација, дел се фрла на одлагалиштата заедно со јаловината, а дел го собираат работниците кои го продаваат на црниот пазар и завршува надвор од нашата земја*".

Слика број 2 - Продажба на корунд




Како доказ и потврда за неговата појава при експлоатација и нелегална продажба е неговата распространетост и продажба во музеите и на светските интернет платформи (необработен).

Од друга страна пак, претставници на концесионерите на локалитетите на Сивец, Стари Присад, Бела Пола и Небрегово укажуваат дека корундот се наоѓа ретко, односно повремено при експлоатацијата на мермерот во многу мали парчиња и не е посакувана минерална суровина поради што ги уништува пилите и дупчалките при сечење на мермерот и поради тоа не е атрактивен за самите концесионери.

Според ставовите на надлежните институции главен проблем е воспоставувањето на контролирана, односно технолошки осмислена и организирана експлоатација на корундот и точно евидентирање на количините при неговата појава / експлоатација во услови кога се јавува како секундарна суровина, па одтука останува на волјата на концесионерот/вработените дали и во колкава количина ќе го пријават.

---

[38] член 4 од ЗМС;

[39] Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.24 од 04.02.2020 година);

Освен корундот, на територијата на државата евидентирани се повеќе наоѓалишта на различни минерални суровини[40] кои треба да се заштитат, односно прогласат како посебен вид на минерална суровина или скапоцени / полускапоцени камења.

Отсуството на одредби за законска заштита на корундот и другите видови на препознатливи минерални суровини на македонското поднебје, како минерали односно скапоцени/полускапоцени камења, недостигот на технолошки осмислена и организирана експлоатација, односно нивна заштита со соодветен акт под контрола на државата, влијаат врз извршување на неконтролирана експлоатација и нивна нелегална продажба без плаќање на концесиски надоместоци.

### Постапки за доделување и одземање на концесии за експлоатација

3.1.9. Начинот и постапките за доделување на концесии за геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини се уредени со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и ЗМС со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина, како и начелата на еднаквост, транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност во постапката за склучување на договор за концесија.
За подетално уредување на постапките за доделување на концесии МЕ во 2022 година има донесено интерни процедури[41] со кои го дефинира начинот на кој ќе се реализира процесот на доделување на концесија и дозволи за експлоатација на минерални суровини по пат на јавен повик и по пат на барање од заинтересирано лице.

Од извршената анализа на законската регулатива и начинот на кој се уредени постапките за доделување и одземање на концесии, утврдивме дека истите не се целосно јасни и прецизни, а постојат одредени недоречености кои влијаат на ефикасно спроведување на истите и заштитата на животната средина и тоа:

- деталните геолошки истражувања се постапка која и претходи на постапката за издавање на концесија за експлоатација. Со ЗМС[42] е уредено дека детални геолошки истражувања не можат да се вршат на простори кои се наоѓаат во населени места, јавни патишта и други објекти[43] и простори од јавен интерес, со исклучок доколку за истото е добиена претходна согласност од органите на државната управа од соодветната област[44]. На ваков начин не е прецизно

[40] Извор на податоци: Minerals from the Republic of Macedonia with an introduction to Minerology, autors Gligor Jovanovski, Blazo Boev, Petre Makreski;
[41] Процедура за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по пат на јавен повик бр.24-4271/1 од 22.09.2022 година, Процедура за доделување на концесија за експлоатација по пат на барање бр.24-4274/1 од 22.09.2022 г. Процедура за издавање на дозвола за експлоатација и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект;
[42] член 9 од ЗМС;
[43] водостопански објекти, коритата и бреговите на површинските водни тела, воени објекти, споменици на културата и заштитени подрачја на природата
[44] органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството и од други органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област, како и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања.

определена оддалеченоста од населени места каде може да се издаде концесија, што создава ризик од слободно толкување од надлежните институции при давање на своето мислење за местата и регионите каде смее/несмее да се издаваат концесии и од нанесување на штета врз животната средина.

Извршивме компаративна анализа на законската регулатива во Република Северна Македонија во споредба со регулативата за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини во земјите од регионот (Србија, Хрватска, Косово), со која утврдивме дека е пропишана определена оддалеченост од станбени објекти и објекти од јавен интерес каде што несмеат да се вршат геолошки истражувања, освен по претходна согласност од сопственикот/корисникот на објектите;

- при спроведување на постапките за доделување на концесии за експлоатација по барање од заинтересирано лице, предвидена е обврска за обезбедување на мислење од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија само во случај на експлоатација на енергетски и метални минерални суровини[45], што создава ризик од нанесување штета врз населеното место, кога предмет на договорот за експлоатација се неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен и други видови на минерални суровини;
- условите за докажување на способноста на понудувачите во постапката за доделување на концесија се утврдуваат во рамките на тендерската документација, согласно пропишани елементи и документација во Законот за концесии и јавно приватно партнерство[46] и ЗМС[47]. За да се квалификуваат како способни за добивање на концесија за експлоатација понудувачите задолжително треба да исполнат услови за докажување на лични, професионални и финансиски услови за учество на јавниот повик. Со законската регулатива не е предвидено поставување на услови за докажување на техничка способност на понудувачите, односно минимални услови со кои ќе се увери дека понудувачите ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот. Ваквата состојба создава ризик за неисполнување на обврските по склучените договори и влијае на раскинување на договорите за концесија. Од спроведените анализи утврдивме дека кај 27 од вкупно 63 раскинати договори за концесија во периодот 2020 – 13.10.2023 година, иницијативата за еднострана раскин потекнува од МЕ поради неисполнување на обврските по договорите (врска точка 3.1.14.).

  По однос на наведените состојби од страна на надлежни лица во МЕ добивме образложенија дека со поставените услови и критериуми се постигнува либерализација на пазарот, односно се избегнува ограничување на конкуренцијата во јавните повици. Во пракса концесионерите кои немаат техничка и професионална способност за вршење експлоатација на мермер, склучуваат договори за деловно-техничка соработка со други концесионери кои им ги

[45] член 42 став 10 од Законот за минерални суровини;
[46] член 23 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[47] член 41 од ЗМС;

обезбедуваат потребните ресурси и капацитети (технички персонал и техничка опрема) за изведување на рударските работи заради квалитетно извршување на договорите. Притоа склучувањето на ваквите договори не е регулирано со ЗМС и создава ризик врз контрола на работата на изведувачите и соодветното пријавување на експлоатираните количини.

Извршивме компаративна анализа на законската регулатива во државата во споредба со регулативата за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација во земји од регионот (Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија), при што утврдивме дека за докажување на способноста на понудувачите во нивната законска регулатива се пропишани лични, професионални, финансиски и технички услови кои понудувачите треба да ги исполнат. Од извршениот увид во објавени јавни повици утврдивме дека техничките услови се однесуваат на број на вработени и докази за нивната стручната оспособеност, листа на техничка опрема со која располагаат;

- еден од условите според кои концедентот може да донесе одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес е „ако по истекот на рокот за доставување на понуди пристигне само една понуда, односно ако во текот на евалуацијата на понудите остане само една прифатлива понуда"[48]. Наведениот основ бил услов за поништување на една од тестираните постапки[49], иако останатата најприфатлива понуда ги исполнувала барањата од тендерската документација. Исто така, имајќи во предвид дека во поголем број од постапките е доставена понуда само од еден понудувач/по евалуацијата останува само една прифатлива понуда. Ваквата законска одредба создава можност од нарушување на начелата на еднаквост, недискриминација и објективност во постапките за доделување на концесија, односно субјективизам при носењето на одлуката за избор на најповолен понудувач.

3.1.10. Со цел да обезбедиме уверување во начинот на функционирање на процедурите за доделување на концесиите за минерални суровини, извршивме ревизија на постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација спроведени во период од 2018 - 2022 година, како и постапки од претходен период. Ревизијата ги утврди следните состојби:

- постапката за доделување на концесија за експлоатација по пат на јавен повик ја спроведува Комисија[50], која се состои од претседател, заменик претседател, девет членови назначени од надлежни институции[51] и нивни заменици. Предлогот за формирање на Комисијата за спроведување на постапката од МЕ, по претходно назначени членови од надлежните институции, го усвојува Владата[52]. Ревизијата утврди дека членовите на Комисијата не потпишуваат изјави за непостоење на

[48] член 38 став 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[49] Јавен повик бр.9-2021 година, за експлоатација на мермер на локалитетот с.Вепрчани Прилеп;
[50] член 41 од ЗМС и член 20 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[51] Членови од: МЕ, Генерален Секретаријат на Владата, Кабинет на заменикот на претседателот на Влада задолжен за економски прашања, МЗШВ, МФ, МТВ, МЗСПП, Канцеларија на претседателот на Владата.
[52] на седница на Генерален колегиум на Државни секретари, Комисија за економски систем и тековна економска политика и на седница на Влада;

судир на интереси[53] на кој начин би се потврдило дека не се назначени членови кои имаат судир на интереси со понудувачите и дека истите ги задоволуваат пропишаните услови[54] и создава ризик од назначување на член кој има судир на интереси со понудувачите;

- за започнување на постапка за доделување на концесија се носи одлука, во рамките на која треба да се назначат нејзините цели[55]. Утврдивме дека кај сите одлуки за започнување на постапка за доделување на концесија целите се исти без оглед на видот на минералната суровина, односно целта е „создавање на услови за рамномерно искористување на минералната суровина и услови за нејзина експлоатација". Со оглед на тоа што за постигнување на целта не се утврдени мерливи индикатори, а поединечните видови на минерални суровини не се рамномерно распространети, не постојат реални услови за мерење на исполнетоста на поставената цел и следење на успешноста;
- кај две постапки[56] Комисијата дава предлог за избор на концесионер кој е новоформиран и нема доставено доказ за исполнување на економско финансиската состојба – позитивен финансиски извештај за најмалку последната година, односно за периодот од регистрацијата согласно барањата од тендерската документација. Во доставената Информација од Централен регистар е наведено дека друштвото е новоформирано и нема поднесено годишна сметка за своето работење. На ваков начин во една од постапките право на експлоатација им се доделува на компании кои ја немаат потребната финансиска способност во моментот на доделување на концесија, додека другата постапка по поднесена жалба во постапката е вратена на повторно одлучување, а потоа е поништена по друг основ[57]. Исто така утврдивме дека компаниите најчесто се основаат за учество на јавен повик и добивање на концесија, а понатаму се поддржуваат од компанијата „мајка" која е странска компанија. Наведената состојба има за ефект доделување на договори за концесија на фирми кои во моментот на склучување на договорот немаат финансиска способност за започнување со експлоатација и создава ризик врз непречена реализација на обврските по склучените договори. По согледување на состојбите по поднесена жалба во една од постапките, ваквиот начин на постапување е надминат во 2022 година;
- од вкупно 8 (осум) јавни повици за доделување на концесија за експлоатација во периодот од 2018-2022 година, кај 4 (четири) повици аплицирал по еден понудувач, со кои се склучени договори за доделување на концесија. Со извршената анализа на спроведување на јавните повици ревизијата утврди дека во постапките се почитува принципот на транспарентност, но сепак во наведениот период кај 50% од постапките договорот е склучен со единствениот најповолен понудувач, кој

[53] член 72 став 1 и член 74 од Закон за спречување на корупција и судир на интереси;
[54] член 20 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[55] член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[56] Јавен повик 1/2018 за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на локалитет "Самарница" и "Стари Присад Стена" и Јавен повик бр.9-2021 година, за експлоатација на мермер на локалитетот с.Вепрчани Прилеп;
[57] Јавен повик бр.9-2021 година, за експлоатација на мермер на локалитетот с.Вепрчани Прилеп;

воедно е и иницијатор за отворање на јавниот повик. Ваквиот начин на иницирање на отварање на јавен повик создава ризик врз објективноста во постапките за доделување на концесија и изборот на концесионери;

- донесените одлуки во постапките за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини не ги содржат сите задолжителни елементи[58], а особено видот на постапката за експлоатација со техниките и супстанциите што ќе се применат, податоци за депонирана финансиска гаранција во случај на штетни ефекти по животната средина, како и должностите на носителот на концесијата во поглед на санацијата и рекултивацијата на земјиштето што е деградирано од рудничките активности. Наведената состојба има влијание врз ефикасна реализација на склучените договори;
- врз основа на одлуката за доделување на концесијата за експлоатација, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија. Со анализа на договорите утврдивме дека во рамките на истите не се предвидени одредби кои се пропишани со регулативата, односно не е предвидена обврската за рекултивација на просторот во случај на еднострано раскинување на договорот, поднесување на финансиска гаранција за заштита на штетните влијанија врз животната средина, обврска за доставување на геодетски елаборат за ископани количини до надлежните институции, планови за управување со отпад, како и обврската за известување за експлоатирани количини на минерални суровини до МЕ. Наведеното има влијание на начинот на постапување на концесионерите во однос на заштитата на животната средина, реализација на склучените договори и вршење контрола на истите.

3.1.11. По спроведен јавен повик[59], за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина мермер на локалитетот с.Ореовец Општина Прилеп, во кој биле доставени 3 понуди и спроведена е-аукција, Комисијата за спроведување на постапката дала предлог за избор на најповолна понуда која не била прифатена од страна на концедентот и е донесена Одлука за поништување на постапката[60]. Концедентот може да ја поништи постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес ако: се дознаваат такви околности, кои доколку би биле познати пред започнување на постапката за доделување на концесија не би се објавил јавниот повик или јавниот повик суштински би се разликувал[61]. На ревизијата не и е приложен поткрепувачки документ со образложение за околностите и причините за поништување на постапката. За истиот локалитет во 2021 година повторно е објавен јавен повик[62], на кој имало 6 прифатливи понуди и по спроведената е-аукција и доставениот предлог за избор на најповолна понуда Владата донела Одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања. Концесионерот во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето бил должен да

[58] член 37 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство и член 45 од ЗМС;
[59] Јавен повик бр. 2/2019 година, за локалитетот с. Ореовец Прилеп;
[60] Одлука бр.44-1029/1 од 09.09.2020 година;
[61] член 38 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
[62] Јавен повик бр. 6/2021;

го плати концесискиот надоместок, но истиот не го платил и одбил да склучи договор, по што донесена е Одлука[63] за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда.

Наведената состојба на носење на одлука за поништување на прво спроведената постапка од страна на концедентот без образложение на околностите и причините кои довеле до таквата состојба има влијание врз објективноста и отчетноста при поништување на постапките за доделување на концесии.

3.1.12. Концесионерот за да отпочне со експлоатација на минерални суровини треба да добие дозвола за експлоатација, по претходно доставено барање до МЕ, кое е должно во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето да ја издаде дозволата за експлоатација[64]. МЕ со Решение ќе го одбие барањето доколку истото не е поднесено во определениот рок или не ја содржи потребната документација[65].
Ревизијата со извршениот увид во доставените барања за издавање на дозвола утврди дека вкупно 18 концесионери кои имаат склучено договор за концесија за експлоатација, се уште не поседуваат дозвола за експлоатација од причина што кај еден концесионер барањето е комплетирано но постапката се прекинува додека да се реши судски спор, а останатите концесионери имаат поднесено барање кое не ја содржи целокупната документација предвидена со законските одредби. Од извршената анализа на доставените документи приложени со барањето за издавање на дозвола утврдивме дека барањата најчесто не се комплетирани поради не доставен доказ за решени имотно правни односи во делот на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација и недоставена сообраќајна согласност за приклучок за јавен пат.

Ревизијата нагласува дека и покрај тоа што е утврден рокот за поднесување на барање за издавање на дозвола за експлоатација и рок за започнување со експлоатација[66] , ваквата состојба е резултат на воспоставена пракса од страна на концесионерите кои за да го запазат рокот за достава поднесуваат формални барања за издавање на дозвола без при тоа да ги приложат сите потребни документи во барањето.

Поради некомплетност на барањата, МЕ има испратено известувања до концесионерите за докомплетирање на истите, со цел да продолжи постапката за издавање на дозвола, иако согласно законските одредби со Решение треба да го одбие барањето[67].

Неисполнувањето на обврските од страна на концесионерот во однос на обезбедување на потребната дозвола за експлоатација, не отпочнување со експлоатација во определен рок има за ефект помалку уплатени средства во Буџетот на државата и ЕЛС и не постигнување на целите за оптимално искористување на минералните суровини.

[63] Одлука за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за ДГИ на минерална суровина мермер (Сл. весник на РСМ бр. 220 од 24.09.2021 година);
[64] член 55 став 4, ЗМС;
[65] член 56 од ЗМС;
[66] член 54 од ЗМС;
[67] член 56 од ЗМС;

3.1.13. Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случај на:

- истекот на рокот за периодот на кој била доделена,
- едностран раскин на договорот од страна на концедентот,
- едностран раскин од страна на концесионерот и
- отворање на стечајна постапка над концесионерот или ликвидација[68].

Со одредбите на ЗМС се дефинирани условите за еднострано раскинување на договорите за концесија за експлоатација на минерални сировини од страна на концендентот и од страна на концесионерот, согласно кои Владата, на предлог на МЕ, донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини[69].
Ревизијата утврди дека со ЗМС не е во целост уредена постапката за едностран раскин на договорите за концесија, со што не се обезбедува целосна правна заштита во услови на поништување на одлуките за едностран раскин при поведени судски постапки.

Со извршената анализа на донесените одлуки на Владата за едностран раскин на договорите за концесија за експлоатација на минерални суровини констатиравме дека во периодот 2020 – 13.10.2023 година донесени се вкупно 63 одлуки од кои: 27 се по барање за едностран раскин од страна на концедентот, 10 поради истек на рокот за кој била доделена концесијата, 5 заради ликвидација и стечај и 21 по барање за едностран раскин од страна на концесионерот.

Причините за едностран раскин на договорите по барање на концедентот се подетално прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр.3** – Основи за престанок на важење на концесијата при едностран раскин на договорот од страна на концедентот за период 2020 – 13.10.2023 година




[68] член 50 од ЗМС;
[69] член 51 и 52 од ЗМС;

Врз основа на анализа на податоците утврдивме дека трите најчести основи за едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот во наведениот период се: неплаќање на концесискиот надоместок, со вршењето на експлоатацијата е нарушен јавниот интерес, безбедноста и здравјето на локалното население и концесионерот не започнал со експлоатација на минералната суровина во предвидениот рок од денот на издавањето на дозволата за експлоатација.

И покрај преземените мерки од страна на МЕ за следење на реализацијата и раскинување на договорите во случај на неисполнување на одредбите по склучените договори, од спроведените анализи и увид во евиденциите за наплата на концесиските надоместоци, утврдивме дека:

- за вкупно 17 концесионери кои не платиле надоместок за експлоатација на минерални суровини за период подолг од една година, од страна на МЕ не се преземени соодветни и навремени мерки и активности за утврдување на причините и наплата на концесискиот надоместок, како и не е поднесено барање за вршење на вонреден инспекциски надзор од страна на ДИТИ и УЈП. Прекин во изведување на рударските работи подолго од една година и не плаќањето на концесиски надоместоци за доделената концесија се основ за едностран раскин на договорите, а притоа истите не се раскинати;
- заклучно со април 2022 година еден од основите за едностран раскин на договорите е обврската на концесионерите за доставување на геодетски елаборати со пресметка на откопаните количини до МЕ и ДИТИ на годишно ниво. Според податоците од интерната евиденција која се води во МЕ утврдивме дека бројот на концесионери кои не доставиле геодетски елаборати во период 2019-2022 година се движи од 25 – 65, а притоа МЕ нема преземено активности за покренување на постапка за едностран раскин на договорот за концесија. Наведениот основ за раскинување на договорите се укинува во 2022 година, но останува обврската за доставување на геодетските елаборати до надлежните институции;
- со измените на ЗМС[70] од април 2022 година се додава нов услов за еднострано раскинување на договорот за концесија од страна на концедентот во случај кога концесионерот експлоатира помалку од 20 проценти од предвидената количина на минерална суровина согласно со главниот рударски проект во текот на една година, освен доколку концесионерот достави образложение за причината за намалената експлоатација. Ваквата законска обврска има примена од 1 јануари 2022 година. Притоа, нагласуваме дека во период 2020 – 2022 година 8 концесионери кои имаат договор за експлоатација на мермер до МЕ доставиле дополнителни рударски проекти со кои за 40 – 92% ги намалуваат предвидените количини за експлоатација на минерални суровини во текот на една година утврдени со главните рударски проекти, со цел исполнување на наведениот услов и избегнување на постапката за раскинување на договорот за концесија.

Наведените слабости на контролниот механизам за редовно следење на реализацијата на склучените договори и барањата на законската регулатива за преземемање

[70] Сл. весник на РСМ бр.99/22;

активности за наплата и раскинување на договорите за концесија имаат влијание врз навремена и целосна наплата на концесиските надоместоци.

3.1.14. Врз основа на доставеното известување[71] од страна на Комитетот за заштита на природното и културното наследство и добиените информации од надлежните институции ревизијата известува за потребата од заштита на наоѓалиштето на минерали „Црн Камен”, с. Алинци. Ова наоѓалиште се протега на површина од 2 $км^2$ помеѓу селата Алинци и Шелеверци, на околу 10 км јужно од Прилеп. Барањето за заштитата е поради отпочнати активности за експлоатација со масивни минирања на сиенитите во близина на с. Алинци. За ова наоѓалиште се дадени податоци дека е генетски поврзано со интрузивно магматско тело – алкален сиенит[72], а гнас микроклин кварцните вени кои се наоѓаат во магматското тело содржат полудраг камен - амазонит и крупни кристали на кварц. Специфичност за ова наоѓалиште се и ретките минерални парагенези што вклучуваат минерали на уран и дека е пронајден и еден од најголемите кристали на титанит со тежина од неколку килограми и е познато по тоа што тука е откриен нов минерал „Македонит”.

Во врска со барањето за заштита на наоѓалиштето на минерални суровини добиена е информација од Геолошкиот завод, а е поврзана со локалитетот „Каракамен" („Црн Камен“) меѓу селата Алинци и Шелеверци, Прилепско каде е наведено дека поседува геолошка документација која потекнува од 1968/69 година и се дадени координатите на просторот. Со информацијата се потврдува дека во 1968 година е направено пробно испитување на карпите од овој терен при што е утврдено дека има добри карактеристики за употреба како калиски фелдспат за примена во индустријата за стакло, порцелан и друго по што последователно направена е програма со која е одреден простор за детални геолошки истражувања со должина од 200 m и ширина од 50 m (10.000 $m^2$) за утврдување на квалитетот и квантитетот на К –фелдспат.

Исто така, дадена е информација дека со спроведувањето на истрагите кои се состојат од 13 дупнатини со вкупна должина од 655 m и анализи на бројни проби, докажани се 10.185.632 t рудни резерви од А, Б и $Ц_1$ категорија со кои е овозможено рентабилно работење на рудник. Меѓутоа ова наоѓалиште не е опфатено во катастарот на наоѓалишта на минерални суровини и појави на минерални суровини во Република Северна Македонија кој го води Геолошки завод на Република Северна Македонија.



Извор: Геолошки завод

[71] Известување заведено во ДЗР под број 21-1154/1 од 13.12.2023 година;

[72] ограничено со амфиболити на исток и запад како и за тоа дека сиенитот содржи крупни кристали на микроклин, албит, арфведсонит, титанит, аугит, циркон и апатит;

Со измените на ЗМС[73] од 2023 година извршено е негово усогласување со Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8[74] и Коридор 10-д[75]. Имено и покрај што се регулира доделување концесија за детални геолошки истражувања директно на инвеститор заради изградба на европски патни коридори од стратешки интерес и постапката за доделување концесија за експлоатација на минерални суровини (неметалични минерални суровини и песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела) за потребите за изградба на државни и општински патишта и хидротехнички објекти, до периодот на известување од ревизијата, одредбите на законот не се применети. Истото се потврдува во доставената информација од страна на МЕ[76] со која се информира дека ЈПДП нема поднесено барање за доделување на концесија за геолошки истражувања или за експлоатација на минерални суровини, ниту во досегашниот период е доделена концесија за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини кој е поврзан со изградбата на Коридорот 10.

Наведеното создава ризик од уништување на минералните суровини на наоѓалиштето „Црн Камен”, с. Алинци кои се значајни не само од геолошки туку и од економски аспект.

## 3.2. Концесиски надоместоци

3.2.1. Плаќањето на концесиските надоместоци за минералните суровини, роковите, висината на надоместоците и распределбата на средствата, како и надлежната институција за вршење на надзор и контрола над плаќањето се уредени со ЗМС и Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини[77].

Концесионерите кои вршат експлоатација на минерални суровини се должни да плаќаат надоместок за концесија за експлоатација на минерални суровини, во вид на:

- годишен надоместок за користење на просторот доделен со концесијата за експлоатација;
- надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата, за продадените, односно за употребените за сопствено производство, количини на минералните суровини од страна на концесионерот.

Активностите за следење и надзор над плаќањето на концесиските надоместоци генерално се спроведуваат од страна на МЕ и УЈП како надлежни институции согласно законската регулатива и склучените договори за доделување на концесија за експлоатација. ДИТИ во рамките на своите надлежности врши надзор во делот на рударските работи од страна на концесионерите, евиденцијата на произведените

[73] Службен весник на РСМ бр.129/2023;
[74] Делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа _ Струга – Ќафасан;
[75] Делница на автопатот Прилеп Битола;
[76] Бр.21-74/1 од 17.01.2024 година;
[77] Сл.весник на РСМ бр.24 од 04.02.2020 година;

количини и геодетските елаборати. Вршењето на надзор од страна на надлежните институции треба да придонесе кон потврдување на количините на експлоатирани и продадени минерални суровини кои се основа за точна пресметка на концесиските надоместоци.

Со цел навремена и ефикасна меѓусебна размена на податоци, координација и известувања во постапките за следење на плаќањето на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и за концесија за експлоатација на минерални суровини во 2021 година од страна на МЕ изработен е Предлог Меморандум за соработка помеѓу МЕ, УЈП и ДИТИ во кој се утврдува начинот на меѓусебната соработка. Пристапувањето кон склучување на меморандум е во насока на постапување по препорака дадена во КИ на ОДР од 2021 година, меѓутоа истиот не е меѓусебно потпишан од страна на договорните страни. Отсуството на меѓусебно уредување на начинот на комуникација и размена на податоците помеѓу институциите во системот, со јасно дефинирање на заемните односи и надлежности има влијание во процесот на утврдување и наплата на концесиските надоместоци.

МЕ во рамките на Секторот за минерални суровини води интерна евиденција (во ексел табела) за следење на наплатата на концесиските надоместоци и тоа по основ на користење на простор и по основ на експлоатирани, продадени количини на минерални суровини. Податоците за наплатените надоместоци МЕ ги добива од МФ на дневна основа за уплатените средства во трезор, а на секои три месеци добива Извештај за наплатени надоместоци од УЈП. Од увид во начинот на водење на евиденцијата за годишниот надоместок за користење на простор доделен со концесијата за експлоатација на минералните суровини утврдивме дека истата обезбедува податоци за висината на обврската за плаќање, како и износот на наплатени и ненаплатени надоместоци по овој основ. Од друга страна пак евиденцијата за концесиски надоместок по основ на експлоатирана количина на минерална суровина се води врз основа на извршените уплати од страна на концесионерот, при што количината на продадените минерални суровини се добива индиректно, односно со делење на наплатениот надоместок со утврдените цени од тарифникот за да дојде до продадените количини по квартал.

Со измените на ЗМС од април 2022 година, а по препорака дадена во КИ на ОДР од 2021 година, воведена е обврска за продадените, односно употребените количини на минерални суровини на секои три месеци, концесионерот да достави пресметка на квартално ниво, но не и прилог документација (сметководствена евиденција) како потврда за веродостојноста на пресметките. Ревизијата утврди дека не сите концесионери ја почитуваат оваа обврска за доставување на пресметки на квартално ниво, а поради тоа што ваквата должност не подлежи на прекршочни одредби, МЕ нема начин како да го санкционира нивното недоставување. Меѓутоа, од увид во доставените пресметки на квартално ниво, утврдивме дека истите не се доствуваат на воедначен начин, така што има пресметки кои содржат податоци само за платен износ без количини, други содржат податоци само за продадени, односно употребени количини на минерални суровини за кои се пресметани и наплатени надоместоци.

На ваков начин воспоставената евиденција во МЕ не содржи податоци за точниот износ на концесиските надоместоци кои концесионерите треба да ги платат за експлоатирани количини на минерални суровини, ниту податоци од концесионерот за остварената продажба во предметниот период, поради што не може да се потврди вкупниот износ на ненаплатени надоместоци по овој основ.

Концесиски надоместоци за користење на простор

3.2.2. Годишниот надоместок за користење на просторот доделен со концесијата за експлоатација на минералните суровини, концесионерот е должен да го плаќа за секоја година поодделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Надоместокот се добива како производ на површината на концесискиот простор по склучениот договор и висината на надоместокот определена со тарифникот за поединечните видови на минерални суровини. Со анализа на податоците од воспоставената евиденција за наплатата на надоместоците во МЕ за периодот од 2018 - 2022 година, утврдивме дека вкупно пресметаниот концесиски надоместок за користење на простор изнесува 291.896 илјади денари, од кои наплатени се 287.307 илјади денари[78] или 98% (Табела бр.3) и платена камата во износ од 283 илјади денари и притоа утврдени се следните состојби:

- вкупниот износ на ненаплатени надоместоци од концесионерите за концесиски надомест за простор за период од 5 години изнесува 9.804 илјади денари (Табела бр.3), односно 3% во однос на пресметаниот концесиски надоместок. Во фазата на известување од ревизијата од вкупниот долг платен е надоместок од страна на еден концесионер во износ од 6.637 илјади денари;
- ненавремено, односно по законски утврдениот рок наплатени се 124.337 илјади денари или 42,60% во однос на пресметаниот концесиски надоместок. За ненавремено плаќање на надоместокот за користење на простор на концесионерот треба да му се пресмета законска казнена камата, согласно Законот за облигациони односи[79] но без да се определи надлежна институција за пресметка на каматата и задолжување на консесионерот. Ревизијата утврди дека МЕ кој ги склучува договорите за концесија во име на концедентот нема воспоставена пракса за пресметка на камата по основ на плаќање по законски утврдениот рок. Камата се пресметува од страна на банката доколку концесионерот пријави ненавремена уплата, како и од страна на УЈП по извршен инспекциски надзор кај концесионерот и фактички утврдена состојба. За периодот 2018-2020 година не е пресметана и платена камата ниту од еден концесионер. Каматата која е платена во периодот од 2021-06.2023 година во износ од 283 илјади денари се однесува за периодот 2018-2022 година и е резултат на препораки по претходно спроведената ревизија и извршените контроли од УЈП. Притоа утврдивме дека концесионерите немаат платено камата на 82% од концесискиот надоместок кој не е навремено платен, односно на износ од 103.462 илјади денари;
- во евиденцијата на МЕ не се водат прецизни податоци за обврската за плаќање на надоместоци за концесионерите кои склучиле договор за концесија во текот на

[78] Со вклучени повеќе наплатени надоместоци во износ од 5.215 илјади денари.
[79] член 75, став 4 од Законот за минерални суровини.

годината, односно се пресметува надоместок по формула за цела година, наместо за месеците од моментот на склучување на договорот до истекот на годината. Во текот на ревизијата беа преземени активности за ажурирање на податоците од евиденцијата во два наврати, но и покрај тоа утврдивме одредени неусогласувања за кои ревизијата презеде активности за нивно надминување во насока кон поголема точност во презентираните податоци.

Податоците за наплатени и ненаплатени надоместоци за користење на простор, степенот и трендот на движење на нивната наплата по години, за периодот 2018 - 2022 се прикажани во следниот табеларниот приказ:

**Табела бр.3 –** Надоместоци за користење на простор (без камата) за период од 2018–2022 година

во 000 денари

| Концесиски надоместок за простор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пресметан концесиски надоместок | 54.950 | 54.609 | 48.697 | 62.389 | 71.251 | **291.896** |
| Вкупно наплатени надоместоци: | 54.518 | 53.714 | 48.687 | 62.656 | 67.732 | **287.307** |
| **Наплатени надоместоци по утврдениот рок** | 24.704 | 22.184 | 11.865 | 32.488 | 33.096 | **124.337** |
| **Процент на наплатени надоместоци по утврдениот рок** | 44,96% | 40,62% | 24,36% | 52,07% | 46,45% | **42,60%** |
| | | | | | | |
| **Ненаплатени надоместоци** | **698** | **1.164** | **795** | **23** | **7.124** | **9.804**[80] |
| **Процент на ненаплатени надоместоци** | 1,27% | 2,13% | 1,63% | 0,04% | 10,00% | **3,36%** |
| **Повеќе наплатени надоместоци од концесионери кои платиле надоместок** | 266 | 269 | 785 | 290 | 3.605 | **5.215** |

За концесионерите кои не платиле МЕ презема мерки за наплата на долгот по пат на праќање на опомени и изготвување на предлог одлуки за раскин на договорите и тоа:

- По основ на неплатен концесиски надоместок за 2018, 2019 и 2020 година на предлог на МЕ донесени се одлуки за еднostран раскин на 10 договори од страна на Владата. Од извршената анализа утврдивме дека:
  - за 5 концесионери на кои им е одземена концесијата по основ не платен концесиски надоместок за 2018 година во вкупен износ од 686 илјади денари, во 2019 година доставено е Барање до УЈП[81] да изврши надворешна контрола и го утврди вкупниот долг по која би се покренало постапка за наплата. Поради не доставени записници од извршена контрола од УЈП, МЕ нема преземено мерки за наплата на долгот. Во текот на известување од извршената ревизија од страна на МЕ доставена е ургенција до УЈП[82] за вршење на инспекциски надзор кај правните лица;
  - за 2 концесионери на кои им се одземени 3 концесии во 2020 година по основ неплатен концесиски надоместок за 2019 во вкупен износ од 1.007 илјади денари, не се преземени навремени мерки за наплата на долгот. Во текот на известување

[80] До денот на изготвување на овој извештај, извршено е плаќање на 6.637 илјади денари од страна на еден концесионер, така што со состојба 31.12.2023 година вкупниот долг изнесува 3.167 илјади денари;

[81] Барање до УЈП бр.24-4523/1 од 19.09.2019 година;

[82] Ургенција бр.24-50/1 од 04.01.2024 година;

од извршената ревизија од страна на МЕ доставено е барање до УЈП[83] за вршење на инспекциски надзор кај правните лица, за констатирање на вкупниот долг;

- за 2 правни лица по основ на неплаќање на концесискиот надоместок за 2020 година, во евиденцијата на МЕ евидентиран е долг од 656 илјади денари. За истите по извршен инспекциски надзор од УЈП е констатиран вкупен долг (за двата видови надоместоци) од 2.020 илјади денари и камата од 575 илјади денари. МЕ во 2022 година има поведено постапка за наплата на долгот по пат на медијација и поднесено барање до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за започнување на постапка по судски пат, при што постапките се во тек;

▪ За долг во износ од 6.637 илјади денари по основ на неплатен концесиски надоместок за 2022 година од страна на концесионер - правно лице во државна сопственост не се преземени навремени мерки за едностран раскин на договорот. Износот на долгот е платен во периодот на известување од ревизијата, со каснење од 1 година, за што на концесионерот по одржување на завршниот состанок од извршената ревизија му е пратена опомена од страна на МЕ за плаќање на законска затезна камата согласно Законот за облигациони односи.

Наведените состојби имаат за ефект помалку и ненавремено остварени буџетски приходи во вкупен износ од 9.804 илјади денари, како и непреземени активности за пресметка на камата по основ на ненавремено плаќање на концесиските надоместоци.

3.2.2.1. Пресметаниот концесиски надоместок за користење на простор за концесионерите кои имаат склучено договор за експлоатација на мермер за периодот од 2018 - 2022 година изнесува 23.238 илјади денари, од кои наплатени се 22.810 илјади денари или 98% од кои наплатените надоместоци по утврдениот законски рок изнесуваат вкупно 6.633 илјади денари или 28,54%. Утврдивме дека МЕ и УЈП согласно нивните надлежности немаат пресметано и наплатено од концесионерите законска затезна камата за ненавремено плаќање на надоместокот. Исто така за ненаплатените надоместоци од концесионерите за концесиски надомест за простор за експлоатација на мермер кои потекнуваат од 2020/21 година во износ од 671 илјади денари МЕ нема преземено мерки за наплата. Непреземените мерки за наплата на надоместокот, како и на камата по основ на ненавремено плаќање на концесиските надоместоци имаат за ефект помалку остварени буџетски приходи.

Податоците за наплатени надоместоци за користење на простор за периодот 2018 - 2022 година и процентот на наплата по утврдениот рок се прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр. 4** - Наплатени надоместоци за користење на простор за експлоатација на мермер по утврдениот рок за период од 2018 - 2022 година

[83] Барање до УЈП бр.24-166/1 од 04.01.2024 година;

во 000 денари




### Концесиски надоместоци за експлоатирана количина на минерална суровина

3.2.3. По основ на надомест за експлоатација на минерални суровини за периодот од 2018 - 2022 година остварени се приходи во вкупен износ од 2.493.435 илјади денари (2.487.582 илјади денари по основ на надоместок и 5.853 илјади денари по основ на камата). Анализата по години, покажува дека од 2018 година до 2020 година приходите бележат постојано намалување, а во 2021 и 2022 година бележат пораст поради зголемувањето на висината на надоместоците почнувајќи од 2021 година. Движењето на наплатените надоместоци за експлоатација на минерални суровини и бројот на концесии по години се прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр.5** – Број на концесии и наплатени надоместоци за експлоатирани и продадени количини

во 000 денари




Плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатирана количина на минерални суровини од страна на концесионерот се врши на секои три месеци за продадените/употребените количини за сопствено производство и истиот е должен да ги уплати најдоцна до 15 во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

Со анализа на податоците од воспоставената евиденција за наплатата на надоместоците во МЕ за периодот од 2018 - 2022 година ги утврдивме следните состојби:

- по основ на надомест за експлоатација на минерални суровини ненавремено, односно со задоцнување наплатени се 1.050.472 илјади денари или 42% во однос на вкупно остварените приходи;
- во периодот од 2018 - 2020 година не е пресметана и наплатена законска казнена камата ниту на еден концесионер, додека во периодот од 2021 – 2022 година платена е камата во вкупен износ од 5.853 илјади денари, која се однесува за периодот од 2018-2022 година. Утврдивме дека концесионерите немаат платено камата на 92% од концесискиот надоместок кој не е навремено платен, односно на износ од 944.018 илјади денари;
- евиденцијата за следење на наплатата на МЕ не содржи целосно ажурирани податоци за концесионерите и наплатените надоместоци, ниту податоци за обврски по основ констатирани наоди и пресметана камата од страна на УЈП. Утврдивме ненаплатен надоместок за експлоатирани количини на минерални суровини во износ од 2.125 илјади денари и не наплатена камата во вкупен износ од 3.700 илјади денари по записници од УЈП за 2021 година кај вкупно 8 концесионери. Во декември 2023 година во периодот на известување од извршената ревизија од Секторот за минерални суровини при МЕ пратени се опомени до концесионерите за плаќање на наведениот долг по записниците од УЈП, по кој наплатени се вкупно 1.755 илјади денари.

Податоците за наплатените, ненавремено наплатените и процентот на ненавремено наплатените надоместоци за експлоатирана минерална суровина по квартали за период 2018 - 2022 година се прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр. 6** – Надоместоци за експлоатација на минерални суровини

во 000 денари




Наведените состојби имаат за ефект ненавремено остварени буџетски приходи како и непреземени активности за пресметка на камата по основ на ненавремена наплата на концесиските надоместоци.

3.2.3.1. По основ на надомест за експлоатација на минерални суровини на мермер за периодот од 2018 - 2022 година остварени се приходи во вкупен износ од 314.165 илјади

денари. Анализата по години, покажува дека во 2020 година приходите бележат намалување, додека пак во 2021 и 2022 година бележат зголемување, а една од причините за истото е зголемувањето на висината на надоместоците почнувајќи од 2021 година.

Движењето на наплатените надоместоци за експлоатација на минерални суровини и бројот на концесии по години се прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр.7 -** Број на концесии и наплатени надоместоци за експлоатирани продадени количини на мермер

во 000 денари




Со анализа на податоците од воспоставената евиденција за наплатата на надоместоците во МЕ за периодот од 2018 - 2022 година ги утврдивме следните состојби:

- по основ на надомест за експлоатација на минерални суровини ненавремено, со задоцнување наплатени се 122.928 илјади денари или 39% во однос на вкупно наплатените надоместоци;
- по основ на ненавремена наплата на концесиските надоместоци за периодот 2018 - 2020 година не е пресметана законска казнена камата ниту на еден концесионер, додека за 2021-2022 година платена е камата во вкупен износ од 226 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со ЗМС [84] и имаат за ефект ненавремено остварени буџетски приходи, како и непреземени активности за пресметка на камата по основ на ненавремено плаќање на концесиските надоместоци.

Податоците за наплатените надоместоци за експлоатирана минерална суровина по квартали за период 2018 - 2022 година се прикажани во следниот графички приказ:

**Графикон бр. 8 -** Надоместоци за експлоатирани и продадени количини на мермер

[84] член 75 став 4 од Законот за минерални суровини;

во 000 денари




3.2.4. Заради правилна експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да врши геодетско снимање или рударски мерења, еднаш годишно во периодот од 15 септември до 15 декември во тековната година и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини[85], во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерални суровини. Концесионерот најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година геодетскиот елаборат треба да го достави до МЕ и ДИТИ. Геодетското снимање го вршат трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности.
При изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини концесионерот е должен да води евиденција на произведените количини во пишана форма[86], на дневна основа. Притоа, геодетското снимање на годишно ниво е во насока да се потврдат или корегираат ископаните количини.

Врз основа на увид во податоците од геодетските елаборати, начинот на водење на евиденција на произведени количини, ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е пропишана формата и содржината на геодетските елаборати со пресметка на откопаните количини, односно во ЗМС не е уредено донесување на подзаконски акт. Во вакви услови утврдивме невоедначено презентирање на податоците во елаборатите кај концесионерите, така што во одредени елаборати се презентирани само податоци за вкупен ископ на откопани количини, без нивно разграничување на корисен комерцијален материјал (блок и томболон) - мермер и јаловина, додека дел содржат разграничени податоци;
- податоците на откопаните количини од геодетските елаборати кои се доставуваат до МЕ и до ДИТИ не се предмет на анализа во наведените институции при утврдување на наплатата на концесиските надоместоци поради што се доведува во прашање целисходноста од нивното доставување (врска точка 3.3.4.). Притоа, со спроведената анализа утврдивме дека се разликуваат податоците на откопаните количини на минерални суровини внесени во евиденцијата/книгите на

[85] член 64 од Законот за минерални суровини;
[86] член 66 од Законот за минерални суровини;

произведени количини што ја водат концесионерите и податоците во геодетските елаборати од извршено снимање и мерење на откопаните количини на годишно ниво. Генерално поверодостојни се сметаат количините добиени со геодетско снимање на годишно ниво, меѓутоа основата за сеопфатна и правилна пресметка на концесискиот надоместок за експлоатирани количини на минерални суровини се темели на точно и веродостојно мерење и презентирање на откопаните количини на минерални суровини кои се предмет на продажба.

Оттука неусогласеноста на податоците за произведени количини создава ризик врз правилно пресметување и искажување на продадените количини кои се основ за пресметка на концесиските надоместоци.

3.2.5. Висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина се уредува со Тарифник, донесен од Владата на предлог на министерот за економија. Во 2020 година донесен е нов тарифник[87] кој е во примена од 2021 година со кој висината на надоместоците е зголемена за 30% во однос на претходниот период[88].

Врз основа на извршената анализа на начинот на пресметка и плаќање на концесиските надоместоци ги утврдивме следните состојби:

- висината на концесискиот надоместок за користење на просторот е определена по видови на минерални суровини сразмерно на површината за која е доделена концесијата за експлоатација. Надоместокот за неметаличните минерални суровини и архитектонско – украсен камен е определен во висина од 130 илјади денари по км$^2$. Врз основа на извршената компаративна анализа со соседни земји утврдивме дека дел од државите немаат утврдено надоместок за користење на просторот (пр. Република Србија, Република Албанија), но во државите во кои има фиксен надоместок за концесискиот простор истиот е определен на значајно повисоко ниво од Република Северна Македонија, (пр.Република Хрватска), каде што висината на надоместокот е утврдена во различен износ според зафатената површина на концесиски простор (800 куни/ха за површина до 20 ха, 1.000 куни/ха до 50 ха и 1.200 куни/ха за површина над 50 ха). Имајќи предвид дека со експлоатацијата е зафатен голем простор од природата од 334 км$^2$, кој во најголем дел е во државна сопственост, со која се менува природниот релјеф на површината и се предизвикуваат негативни влијанија врз животната средина и биолошкиот диверзитет, висината на надоместоците во нашата држава е утврдена на ниско ниво;

[87] Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 4.2.2020 година);

[88] освен за одредени видови на минерални суровини кај кои не е извршено зголемување на цените со поднесено образложение до Владата за причините;

- тарифникот не е усогласен во целост со одредбите на ЗМС во делот на категоризација на видовите на минерални суровини кај надоместоците за експлоатирани количини и тоа:
    - категориите архитектонско украсен камен, песок и чакал во тарифникот влегуваат под неметални минерални суровини, а во ЗМС се одвоени како посебен вид;
    - во тарифникот предвиден е надоместок за експлоатација на градежно-технички камен (варовник, доломит, базалт, гнајс, андезит и др.), иако ваквата категорија не е утврдена во ЗМС, а наброените видови спаѓаат под неметалични минерални суровини;
- концесискиот надоместок за експлоатирани количини е утврден како процент од фиксно определена вредност на минералната суровина по продадени количини на минерални суровини во $t/m^3$. Имено, основа за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на неметаличните минерални суровини вклучително и архитектонско-украсниот камен е фиксна цена на минералната суровина, а вредноста на надоместокот се добива како производ на утврдената цена и продадените количини по квартал кај секој концесионер одделно[89]. Од извршената компаративна анализа за начинот на пресметка на надоместоците за експлоатирани количини на минерални суровини во други соседни држави (Србија, Хрватска, Албанија) утврдивме дека висината на надоместоците е утврдена како определен процент (кој се движи од 3 до 5% во зависност од видот на минералната суровина) од приходите/пазарната вредност на минералните суровини, а не како фиксно утврдена просечна цена по продадените количини на минералните суровини како што е случајот во Република Северна Македонија. Ваквиот начин на пресметка во државите од регионот овозможува секој концесионер да плаќа сразмерно на остварените приходи, за разлика од утврдената методологија на пресметка во Република Северна Македонија;
- од аспект на извршената анализа на категориите на архитектонско-украсен камен утврдивме дека во тарифникот постои поделба за секој вид на минерална суровина на категорија комерцијален блок и томболон, за кои во пракса продажните цени им се определуваат во зависност од класата која ја определил самиот концесионер, односно продажната цена варира кај секој концесионер различно, а е определена од квалитетот на мермерот и неговата белина. За определување и разграничување на комерцијален блок од томболон не се утврдени стандарди односно критериуми (по квалитет, димензии и сл.) по кои ќе се утврдуваат истите. Утврдивме дека продажните цени на мермерот кај концесионерите се различни и се движат од 100 евра по тон комерцијален блок до 2.200 евра по тон за најквалитетната класа. Ваквата методологија на пресметка на надоместоците за експлоатирани количини овозможува нерамноправно оптоварување на концесионерите на мермер со концесиски надоместок кој го плаќаат по фиксно утврдена цена по $м^3$, а не по

[89] пр. за мермер – комерцијален блок надоместокот е определен како 5% од вредноста на минералната суровина определена на износ од 23.400,00 денари по метар кубен мермер-комерцијален блок, односно 1,170 ден по м3 продадена количина или околу 19 евра по м3, а за мермер – томболон 5% од вредноста определена на износ од 11.700 денари, што претставува 585 денари по м3 продадена количина мермер томболон.

реална продажна цена. На ваков начин концесионерот кој продал 1 t. комерцијален блок по продажна цена од 1.000 евра плаќа ист надоместок со концесионерот кој остварил приход односно продал комерцијален блок по t. во износ од 100 евра. Притоа, од спроведената анализа утврдивме дека учеството на надоместоците во вкупните приходи од продажба кај концесионерите е различно и се движи од 1% до 9%, а поретко и до 15%;

- покрај двете категории на мермер – комерцијален блок и томболон, во тарифникот определена е цена и за архитектонско-украсен камен од кој не може да се добијат комерцијални блокови и томболони, а истите се дробат или мелат во висина од 20 денари по тон. Од компаративната анализа утврдивме дека во соседни земји (Р.Србија) цената е определена на повисок износ и тоа на 31 ден. по тон. На оваа категорија на минерални суровини со донесувањето на тарифникот не е извршено зголемување на цените за 30% бидејќи МЕ при спроведување на својата анализа сметало дека овие пресметки се воведени скоро и ја рефлектираат фактичката состојба на пазарот. Ревизијата утврди дека во државите каде што цената на минералните суровини е фиксно определена за определени видови на минерални суровини (најчесто за минералните суровини кои се користат за добивање на градежен материјал), висината на определените надоместоци е повисока од цените определени со Тарифникот во Република Северна Македонија (Прилог бр.3);

Имајќи предвид дека минералните ресурси се ограничени и треба оптимално да се користат за да останат и за идните генерации, утврдената методологија за пресметка на концесиските надоместоци која не е одраз на реалните пазарни/продажни цени туку на фиксно утврдена просечна цена не придонесува за реално и разумно утврдување на висината на надоместоците, како и правично и рамноправно оптоварување на концесионерите согласно остварените приходи од продажба.

Од страна на надлежни лица од МЕ е укажано дека во 2008 година цените се определувале по одлука на Влада каде основица за пресметка било 5% од продажната цена но поради слабости во нејзината примена од страна на концесионерите (продажба на мермерот на правно лице во странска држава со иста сопственичка структура по значајно пониски цени за да се платат пониски надоместоци, кој потоа се продавал на крајните потрошувачи по повисоки цени) било одлучено за примена на тековниот начин на пресметка.

3.2.6. Од извршената теренска посета на 14 концесионери, анализа на одговорените 33 прашалници како и увид во бараната документација за реализација на обврските по склучените договори и законската регулатива, ревизијата утврди неправилности и состојби, кои можат да имаат влијание врз остварувањето на буџетски приходи по основ на концесиските надоместоци и одржливото искористување на минералните суровини, а се однесуваат на:

- ❑ експлоатација на значајно поголеми количини на минерални суровини од предвидените, проектирани количини на откопување утврдени со главниот рударски проект (Прилог бр.4). Концесионерот при изведување на рударските

работи за експлоатација на минерални суровини е должен[90] да ги изведува истите според главниот/дополнителниот рударски проект, во кој меѓу другото е проектиран годишниот капацитет на откопување на корисен комерцијален материјал. Во периодот од 2018-2022 година кај 4 концесионери утврдивме дека вршат експлоатација над проектираните количини, што укажува дека рударските проекти за кои е издадена ревизиска клаузула[91] не ги одразуваат реалните количини според расположливите капацитети, потреби и можности за експлоатација од страна на концесионерот. Вакавата состојба не е констатирана при вршењето на инспекциски надзор од ДИТИ, што придонесува кон забрзана експлоатација на минералните суровини и влијае врз намалување на корисниот век на рудникот, а со тоа и врз одржливото искористување на минералните суровини.

Од друга страна, утврдивме концесионери кои не се активни во текот на годината и нивната експлоатација се движи од 0-6% во однос на проектираниот годишен капацитет на рудникот, а честа е и појавата на прекинување на рударските работи во текот на годините (Прилог бр.5). Вакквата состојба е утврдена кај 7 концесионери и упатува на тоа дека изведуваат рударски работи само за да ја задржат концесијата и прикажат производство, што влијае врз висината на остварените буџетски приходи од концесиските надоместоци. Поради наведеното, од 2022 година доколку концесионерот експлоатира помалку од 20% од проектираните количини договорот за концесија еднострано ќе се раскине (врска точка 1.1.14);

- големи количини на залихи на минерални суровини - мермер, кои се сместени на концесискиот простор на концесионерите.

Со анализа на податоците за произведени споредбено со продадените количини на мермер, утврдивме дека кај 16 концесионери со состојба на 31.12.2022 година евидентирани се вкупни залихи од 55.562 м$^3$, кои според укажувања на концесионерите поради послаб квалитет истите не се благовремено продадени, односно не се најдени соодветни алтернативи за нивна понатамошна преработка и продажба.



Слика број 3 – Залихи на мермер кај концесионер

Анализирајќи го периодот од 2018 до 2022 година утврдивме дека количината на залихи бележи постојан раст и во наведениот период залихите пораснале за 36%. Вакквата состојба особено се истакнува на еден локалитет, односно концесионер,

[90] Член 66 и член 70 од Законот за минерални суровини;
[91] Ревизиска клаузула издава Комисија за ревизија на рударски проекти со која потврдува дека рударскиот проект е изработен согласно ЗМС;

кај кого залихите на 31.12.2022 година изнесуваат 99% во однос на годишното производство. Заради подобрување на економските показатели и зголемување на опсегот на искористеност на минералната суровина кај еден концесионер преземени се активности за изградба на фабрика за преработка на мермерни блокови и томболони во финален производ на територијата на доделената концесија.

Утврдивме дека концесионерите водат евиденција на залихи освен еден концесионер кој воопшто не води евиденција на истите, иако на концесискиот простор има непродадени количини на мермер. Притоа нагласуваме дека и покрај залихите, динамиката на годишна експлоатација на минерални суровини кај концесионерите не се намалува, а со договорите за концесија не се уредува прашањето за управување и постапување со истите. Залихите на мермер сместени на концесискиот простор поради атмосферските влијанија, човечки и други фактори можат да се оштетат и да изгубат од нивниот квалитет со што би се сменила категоријата од комерцијален блок во томболон, што создава неизвесност од нивна продажба и влијае врз висината на остварени концесиски надоместоци во буџетот на државата;

- помалку пресметани и наплатени надоместоци по основ на експлоатирана количина на минерална суровина, во вкупен износ од 5.421 илјади денари (Прилог бр.6). По извршената повторна проверка на пресметаните и наплатени надоместоци кај концесионерите утврдивме дека по основ на експлоатација на мермер и мермеризиран варовник концесионерите имаат платено помал надоместок од потребниот.

  Ваквата состојба особено е нагласена кај концесионери на 3 локалитети што се должи на измена на висината на надоместоците со стапување во сила на тарифникот во 2021 година[92], како и по основ на помалку платени надоместоци за експлоатирани и продадени количини[93], што не е во согласност со обврските од склучените договори и ЗМС[94] и има за ефект помалку остварени буџетски приходи;
- во периодот од 2018-2022 година утврдивме дека 97-100% од експлоатираните количини на најквалитетниот бел мермер од Република Северна Македонија и еден од најбелите мермери во светот познат под името „сивец" се извезуваат. Државата нема воспоставено политика, односно стратегија за извоз на минералните суровини, ниту за задржување на одредена количина од најквалитетниот бел мермер за потребите на домашниот пазар. Според ЗМС минералните суровини се добра од општ интерес, сопственост на Република Северна Македонија, меѓутоа придобивките за државата од продажбата на најквалитетниот мермер во однос на остварените приходи од продажба на концесионерот кои изнесуваат само 1%, односно 103.248 илјади денари или околу 1,7 милиони евра за период од 2018-2022 година (19.739 илјади денари за 2022 год.,

---

[92] локалитет Галабовец - Нови Присад Општина Прилеп и локалитет Самарница, Општина Прилеп и Долнени за 2021 година како резултат на пораст на висината на надоместоците во 2021 година;
[93] локалитет Црковни Рид, с.Орашац, Општина Куманово за периодот 2021-2022 година;
[94] Член 75 од Законот за минерални суровини;

20.908 илјади денари за 2021 год., 15.289 илјади денари за 2020 год., 20.735 илјади денари за 2019 год. и 26.578 илјади денари за 2018 год.) се незначителни во однос приходот кој го остварува концесионерот со продажба;

- Во процесот на експлоатација на мермерот и добивање на корисен комерцијален материјал (блок и/или томболон), поголем дел од откопаната маса отпаѓа на некорисен материјал, односно јаловина (како кршен или парчиња мермер што остануваат неупотребливи по процесот на преработка).

Врз основа на обезбедените податоци од 16 концесионери утврдивме големи количини на јаловина кои на годишно ниво во периодот од 2018-2022 година се движат од 840.332 – 1.809.413 $м^3$ или во просек од 1.393.337 $м^3$. Учеството на јаловината во однос на вкупно откопаните количини кај концесионерите е различно, при што кај 3-те најголеми концесионери на мермер утврдивме дека нејзиното учество се зголемува од 86% - 96%, а соодветно на тоа корисниот комерцијален материјал опаѓа и се движи од 14% - 4% (Прилог бр.7).



Слика број 4 - Јаловина

Наспроти ваквите состојби, утврдивме и добар пример каде што степенот на искористеност на корисен материјал во 2022 година изнесува 27%. Меѓу причините кои влијаат врз добивање на корисен комерцијален материјал особено ги нагласуваме користените рударски техники за добивање на корисен мермер, односно изборот на методите и параметрите за дупчење и минирање, интензитетот на изведување на рударските работи, типот на корисен експлозив при минирање на карпестата маса заради побрзо пробивање до квалитетната мермерна маса и дефинираните минерски параметри. Поради отсуство на економски интерес кај концесионерите утврдивме дека не се вложуваат напори во преработка и/или продажба на јаловината, а само еден концесионер од посетените има склучен договор за откуп на истата и нејзина преработка. За управување со јаловината, концесионерите имаат обврска да донесат План за управување со отпад, по кои се констатирани состојби подетално образложени во точка 3.3.8. од извештајот.

Користените рударски техники за добивање на корисна маса и отсуството на мерки за реупотреба на јаловината имаат влијание врз степенот на искористеност на минералните суровини, зголемено производство на јаловина со кои се создаваат негативни ефекти врз животната средина и менување на природниот релјеф на површината, како и врз остварувањето на буџетски приходи.

3.2.7. Кај 4 концесионери[95] кои имаат склучен договор за концесија за експлоатција на мермер не се врши експлоатација на мермер (комерцијален блок и томболон), туку на варовник/мермеризиран варовник, кој се дроби или меле и се добиваат фракции. Договорите за експлоатација на мермер за три концесии се склучени во 2013 и 2014 година, а за една концесија е склучен во 2019 година, со дозвола за експлоатација од 2021 година. Ревизијата утврди дека причината поради која се врши експлоатација на друг вид на минерална суровина наместо на суровината за која е склучен договор генерално се должи на отсуството на детални геолошки истражувања во моментот на спроведување на постапките за доделување на концесија. Имено, постапките за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по три договори се спроведени по стариот ЗМС, по кој не било услов поседување на детални геолошки истражувања. По однос на договорот склучен во 2019 година, спроведен е јавен повик врз основа на изготвена физибилити студија[96] во рамките на која се пресметани резервите на мермер на целиот простор, со објаснување дека на ова наоѓалиште во минатото се вршела експлоатација на мермер но во мали количини на откопана суровина и притоа е дадена препорака на целиот простор да се извршат дополнителни детални геолошки истражувања, со цел точно дефинирање на распространетоста на минералната суровина-мермер. На главниот рударски проект за експлоатација на мермер по овој договор издадена е ревизиска клаузула од страна на Комисијата за ревизија на проектот која дала согласност на истиот и дозволила насловната страна да гласи за експлоатација на мермер (како што всушност гласи и склучениот договор), иако внатре по содржината и скиците на проектот се работи за експлоатација на варовници и дијабаз.

Концесионерот[97] во 2021 година има изготвено елаборат за прекатегоризација на резервите со кои по извршените детални геолошки истражувања, минералошко-петрографските испитувања, хемиски анализи, како и физичко - механички карактеристики се менува видот на минералната суровина од мермер во мермеризиран варовник и е пристапено кон склучување на нов договор за експлоатација на друг вид на минерална суровина во 2022 година[98]. Останатите 3 концесионери се уште ги немаат изменето договорите, односно немаат склучено нов договор за експлоатација на друг вид на минерална суровина и покрај тоа што имаат изготвено елаборат за прекатегоризација на резервите со кои е потврдено дека на локалитетите корисна минерална суровина се мермеризирани варовници, кои се користат како градежно – технички камен.

По однос на плаќањето на концесиските надоместоци утврдивме дека 3 концесионери кои имаат договор за мермер, плаќаат надоместок за суровината што ја продаваат, а тоа е варовник. По едниот склучен договор се плаќа надомест за експлоатација во

[95]локалитет „Дебриште“ Општина Росоман, локалитет „Јеребички камен“ с.Дебриште, Општина Кавадарци, локалитет Црковни Рид, с.Орашац, Општина Куманово и локалитет Мемешли, Општина Струмица;
[96] Физибилити студија за техноекономска оцена за оправданост од експлоатација на минерална суровина мермер на локалитетот „Дебриште“ - Општина Росоман бр.0103/08 од 01.2016 година;
[97] на локалитет „Дебриште“ - Општина Росоман;
[98] Договор за концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина – мермеризиран варовник и дијабаз на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман бр.24-4236/1 од 21.09.2022 година;

висина утврдена во тарифникот за архитектонско – украсен камен (мермер) од кој што во фазата на неговата преработка не може да се добијат комерцијални блокови и томболони, а истите се дробат или мелат и покрај тоа што експлоатира мермеризиран варовник.

Горенаведените состојби имаат за ефект експлоатација на минерални суровини за кои концесионерот нема склучен договор и не поседува дозвола за експлоатација што има влијание врз плаќање на концесиски надоместоци кои се различни од надоместокот предвиден за минералната суровина за која што има склучен договор.

3.2.8. Концесионерот кој поседува дозвола за експлоатација е должен експлоатацијата да ја врши во рамките на експлоатационото поле дефинирано со дозволата и главниот/дополнителниот рударски проект. За утврдување на исполнетоста на ваквата законска одредба за 2 концесии за експлоатација на минерална суровина - мермер од страна на експерт/геодет беше извршен увид и премерување на лице место, односно извршено аерофотограметриско снимање на предметните опфати како и премерување на повеќе контролни теренски точки. По теренските снимања, извршена е обработка на теренските податоци во професионален софтвер за обработка на аерофотограметриски податоци, 3D Survey и споредба снимениот простор и дефинираниот опфат на концесијата за експлоатација утврден во склучениот договор / анекс договор за концесија за експлоатација. Со споредбената анализа е констатирано дека концесионерите вршат експлоатација надвор од експлоатационото поле дефинирано со склучените договори и дозволи за експлоатација. Вкупниот простор на кој двата концесионери вршат ископ на минерална суровина надвор од дозволата за експлоатација што ја поседуваат, изнесува 9.989 м$^2$ (Прилог бр.8 - Прегледи на скици на рудници од геодетско снимање) Наведеното создава ризик концесионерот да не го пресметува и плаќа надоместокот за експлоатираните количини надвор од експлоатационото поле.

### Локалитет „Галабовец Нови-Присад“ Прилеп

Врз основа на податоците од снимањето на теренот и увид во склучениот договор, анекс кон договорот и дозвола за експлоатација ги утврдивме следните состојби:

- со споредба на теренот утврден со снимањето и дозволениот опфат за концесија дефиниран во рамките на склучениот договор за експлоатација на мермер и анекс кон истиот се утврди дека површината на која што се експлоатира а е надвор од експлоатационото подрачје изнесува 9.038 м$^2$; Според добиените објаснувања од надлежно лице кај концесионерот излегувањето од границите на концесијата, е поврзана со намера за проширување/добивање на ново експлоатационото поле на концесионерот. Овој премин бил заради обезбедување на потребните пристапни патишта кон горните етажи на концесијата, а истиот се наоѓа на соседната концесија на друг правен субјект во сопственост на истиот концесионер. За проширувањето концесионерот нема дозвола за експлоатација на соодветниот простор, а со изработка на овие патишта е експлоатирана значителна количина на мермерна маса;

- концесионерот во 2017 година склучил договор за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина мермер[99] врз основа на Одлука на Владата за согласност за пренос[100], на површина од 0,247 км$^2$, со дозвола за експлоатација од 2006 година. Концесионерот во 2019 година со концедентот застапуван од министерот за економија има склучено Анекс кон договорот за пренос на концесија, со кој се врши проширување на површината на просторот на концесијата на 0,326 км$^2$, односно за 0,079 км$^2$. За проширувањето концесионерот изработил Главен рударски проект за експлоатација на мермер, од мај 2022 година. За проширувањето на концесијата од 0,247 на 0,326 км$^2$ концесионерот нема дозвола, ниту пак до денот на известување од ревизијата поднел барање за нејзино издавање, со што концесионерот продолжил да работи по издадената дозвола од 2006 година, иако извршил проширување на просторот кое не е вклучено во старата дозвола. Ваквата состојба не е во согласност со ЗМС[101] каде е уредено дека изведување на рударски работи за отворање и експлоатација на минерални суровини на нови хоризонти, кои не се опфатени со главниот рударски проект, се врши врз основа на дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект. Од извршеното снимање утврдивме дека концесионерот на проширувањето на концесијата започнал да врши експлоатација и покрај тоа што не поседува дозвола, што создава ризик врз точноста на презентирање на експлоатираните количини на просторот за кој нема дозвола и плаќање на концесиските надоместоци по извршената продажба.

Според проценките и извршените пресметки вкупниот ископ на мермерна маса надвор од експлоатационото поле[102] изнесува 202.680,74 м$^3$ (јаловина и корисен комерцијален материјал).

### Локалитет „Бела Пола“ Општина Долнени и Општина Прилеп

Врз основа на податоците од снимањето на теренот и увид во склучениот договор[103], издадените одобренија за експлоатација и дозвола за изведување на рударски работи ги констатиравме следните состојби:

- по извршеното снимање, извршена е обработка на податоците и споредба на теренот на денот на снимањето и утврдениот концесиски простор, при што е констатирано дека се експлоатира надвор од концесискиот простор во површина од 951 м$^2$ . Според добиени образложенија од надлежни лица кај концесионерот оваа состојба потекнува од период пред 10 години кога просторот се користел како помошен пристапен пат, а за да се спречи надојдувањето на површинските води во рудникот се насипал трошен раздробен материјал, кој како резултат на надворешни влијанија (дождови и порои) се одронувал надвор од концесискиот простор;

[99] Договор бр.24-5774/1 од 16.11.2017 година;
[100] Одлука за согласност за пренос од Владата на РСМ (Сл.весник на РМ бр.152/17);
[101] член 59 од ЗМС;
[102] на просторот од проширувањето со анекс за кој нема дозвола за експлоатација, како и на просторот од 9.038 м$^2$ надвор од експлоатационото поле;
[103] Бр.24-5599/1 од 13.11.2014 година;

- концесионерот поседува Одобрение за отворање рудник за експлоатација[104] од јануари 1999 година, а врз основа на ревидиран дополнителен рударски проект во април 2006 година, му е издадено Одобрение за изведба на рударски објекти по дополнителен проект[105].

Со измените на ЗМС[106] од декември 2010 година концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација и одобрение за експлоатација по дополнителен рударски проект до денот на влегување на сила на стариот ЗМС[107], односно пред март 1999 година, се должни до декември 2012 година да поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација, а во спротивно договорите за концесија престануваат да важат. Исто така, со преодните и завршните одредби на ЗМС од 2012 година[108] е пропишана обврска концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација и одобрение за експлоатација по дополнителен рударски проект пред март 1999 година, да поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација до декември 2013 година, во спротивно договорите за концесија престануваат да важат. Концесионерот не постапил по одредбите од наведените закони, односно во пропишаниот рок не доставил барање за издавање на дозвола за експлоатација, а од страна на МЕ не се преземени активности за раскинување на договорот за концесија и покрај тоа што во ноември 2014 година склучен е нов договор[109] заради усогласување на одредбите на договорот со донесениот закон, а во јуни 2016 година му е издадена Дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект [110] без претходно да биде издадена дозвола за експлоатација по главен рударски проект согласно одредбите на постојниот закон. Поради наведеното концесионерот не ги обезбедил и не ги доставил пропишаните документи за издавање на дозвола за експлоатација утврдени со важечкиот ЗМС, што има за ефект изведувањето на рударските работи да се извршува без целосно обезбедена документација.

3.2.9. УЈП врши надзор и контрола над плаќањето на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и за концесија за експлоатација на минерални суровини утврдени[111] и на секои три месеци доставува податоци до МЕ за наплата на концесиските надоместоци. УЈП работите од својата надлежност ги извршува согласно Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночната постапка, како и поединечните закони со кои се уредуваат одделни видови даноци, односно се доделуваат надлежности.

---

[104] УП.бр.08-I-110/2 од 10.01.1999 година издадена од Министерство за стопанство Сектор за геологија и рударство согласно Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини (Сл. весник на РМ бр.18/90);
[105] бр.12-2817/1 од 05.04.2006 година издадена согласно ЗМС (Сл. весник на РМ бр.18/99 и 29/02);
[106] член 26 од Законот за изменување и дополнување на ЗМС (Сл. весник на РМ бр.158 од 09.12.2010 година;
[107] (Сл. весник на РМ бр.18/1999);
[108] Сл. весник на РМ бр.136/12;
[109] Договор за концесија за експлоатација на минерални суровина – мермер на локалитет .Бела Пола бр.24-5599/1 од 13.11.2014 година;
[110] бр.24-2742/1 од 01.06.2016 година;
[111] член 100 од ЗМС;

Врз основа на анализа на законската регулатива ревизијата утврди дека со ЗМС не е утврдена динамиката и обемот на вршење на инспекциски надзор над вршење на контрола над точноста на плаќањето на надоместоците.

Во 2017 година УЈП – Генерален даночен инспекторат до МФ има поднесено предлог за измена[112] на Законот за Управата за јавни приходи и ЗМС, со цел да биде иззмена од надлежностите за вршење на надзор над плаќањето на концесиските надоместоци кои се дадени со ЗМС. Во доставениот предлог, се наведува дека спроведувањето на наведената законска обврска во неданочни цели претставува дефокусирање на УЈП од својата основна надлежност да врши утврдување, контрола и наплата на даноците и другите јавни давачки доверени со закон. Во прилог на овие констатации се и заклучоците и препораките во Извештајот на ММФ за реформа на даночната администрација за периодот 2015-2020 година каде што е наведено дека неданочните надлежности ја погодуваат критичната функција на УЈП и го одолговлекуваат вниманието на клучните менаџери и нивните вработени од нивните основни надлежности. Во техничкиот извештај од ММФ од 2019 година се наведува дека префрлањето на некои од неданочните одговорности од УЈП е во тек и треба да се спроведе понатамошна анализа со која ќе се разгледаат неданочните одговорности на УЈП со цел да се утврди дали други институции може да ги спроведуваат истите.

Записниците со констатациите од извршениот инспекциски надзор се проследуваат до МЕ како договорна страна и правното лице, при што УЈП нема понатамошна надлежност во постапување по утврдените неправилности-наоди. На ваков начин, законското решение создава проблеми во негово спроведување, бидејќи обврската за доставување на опомени за ненаплатени концесиски надоместоци како и натамошната постапка за еднострано раскинување на договорот по констатирани наоди од УЈП е во надлежност на МЕ. Наведените состојби се констатирани и во КИ на ОДР од 2021 година.

Во услови кога во досегашниот период не е најдено соодветно решение за тоа која друга институција би можела ефикасно да ги спроведува контролите, ревизијата нагласува дека надзорот врз плаќањето на концесиските надоместоци има голема улога врз точно, навремено и целосно плаќање на надоместоците, имајќи во предвид дека ефектите би биле поголеми доколку истиот се планира/спроведува како редовен и врз основа на утврдени критериуми за избор на субјектите предмет на надзор.

3.2.10. Во досегашното постапување при вршење инспекциски надзор над плаќањето на концесиските надоместоци, утвдивме дека УЈП инспекцискиот надзор не го планира како редовен, туку истиот го спроведува кај концесионери по барање од МЕ, или по пријава, претставка доколку има основ за постапување.

Ва периодот од 2020 – 2022 година вкупниот број на извршени инспекциски надзори над плаќањето на концесиските надоместоци изнесува 73, со кој се опфатени 90 договори за концесија. Во 36 надзори кои се однесуваат за периодот од 2016-2022 година констатирани се неправилности за неплатен/погрешно пресметан надоместок

[112] Предлог на УЈП за измена на Законот за Управата за јавни приходи и на Законот за минерални суровини бр.23-5539/1 од 04.08.2017 година;

во вкупен износ од 6.409 илјади денари и пресметана камата во вкупен износ од 6.289 илјади денари, од која наплатени се 3.245 илјади денари што претставува додадена вредност во остварување на буџетски приходи.

Податоците за извршени инспекциски надзори, опфатени концесионери, бројот на склучени договори и констатирани наоди (помалку пресметани и наплатени надоместоци и пресметана камата по основ на задоцнето плаќање) по години се прикажани во следниот табеларен приказ.

**Табела бр.4** – Извршени инспекциски надзори над плаќањето на концесиските надоместоци

во 000 денари

| Година | Број на договор и за концеси ја | Вкупен број на концеси онери | Број на концесионери опфатени со инспекциски надзор од УЈП | Број на договори опфатени со инспекциски надзор од УЈП | Број на концесионер и кај кои се констатирани наоди | Констатира ни наоди - неплатени надоместо ци | Пресмет ана камата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 347 | 257 | 3 | 4 | 1 | 67 | / |
| 2021 | 359 | 263 | 37 | 39 | 25 | 3.964 | 5.485 |
| 2022 | 349 | 257 | 33 | 47 | 10 | 2.378 | 804 |
| Вкупно | / | / | 73 | 90 | 36 | 6.409 | 6.289 |

Врз основа на податоците од табелата може да се заклучи дека бројот на извршени инспекциски надзори во 2021 и 2022 година споредбено со 2020 година бележи пораст. Од извршената анализа на податоците утврдивме дека во 2021 година со инспекциски надзор опфатени се 14,1% концесионери, односно 10,9% од вкупниот број на склучени договори за експлоатација на минерални суровини, а во 2022 година 12,8% концесионери, односно 13,5% од вкупниот број на склучени договори.

За периодот од 2020 – 2022 година со инспекциски надзор се опфатени 17 концесионери по основ на 19 склучени договори за експлоатација на мермер и во 6 од нив се констатирани неправилности за неплатен/погрешно пресметан надоместок во вкупен износ од 2.434 илјади денари и ненавремено наплатени надоместоци надоместок по кој основ е пресметана камата во вкупен износ од 2.901 илјади денари.

Со увид во записниците од извршениот инспекциски надзор утврдивме различен пристап на постапување при вршењето на истиот, односно дел од записниците не содржат податоци дали платениот износ на концесиски надоместок соодветствува на експлоатираната количина на минерална суровина предмет на концесија и презентираните залихи од претходниот период туку само на точноста на пресметаниот надоместок во однос на издадените фактури за продажба на минералните суровини. При тоа, ревизијата утврди дека со извршениот инспекциски надзор кај два концесионери со склучени договори за експлоатација на мермер не се констатирани наоди за помалку пресметани и наплатени концесиски надоместоци кои се должат на измена на Тарифникот и зголемување на висината на надоместоците.

Наведените состојби имаат влијание врз точноста и целосноста на пресметката и навременото плаќање на концесиските надоместоци.

## 3.3. Надзор над експлоатацијата на минерални суровини согласно склучените договори и издадените дозволи

3.3.1. ДИТИ е надлежен орган за вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од ЗМС преку државни геолошки инспектори, државни рударски инспектори, државни инспектори за електрика во рударството и други инспекциски органи[113] согласно со овластувањата утврдени со ЗМС, Законот за техничка инспекција, Законот за инспекциски надзор и други закони.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места[114] во ДИТИ предвиден е Сектор за инспекциски надзор над експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања со четири одделенија[115] во кој се предвидени вкупно 19 работни места, од кои 15 работни места за инспектори и 4 работни места за административни службеници. Во март месец 2023 година донесен е Правилник за систематизација[116] со кој бројот на предвидените работни места се намалува на вкупно 18 работни места, од кои 16 работни места за инспектори и 2 административни службеници. Од вкупно предвидените места заклучно со 31.12.2022 година пополнети се 10 работни места од кои 9 инспектори и еден административен службеник. Кон крајот на 2023 година бројот на инспектори се намалува уште за еден рударски инспектор.

**Графикон бр.9** Кадровска екипираност на Секторот за инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошки истражувања за период 2020 – 2022




Државен технички инспектор[117] може да биде лице кое има висока стручна подготовка од областа на машинството, електротехниката, хемиското инженерство, физиката, технологијата, рударството, геологијата, правото и економијата и најмалку три години работно искуство. По извршената анализа ревизијата утврди дека е обезбедена согласност од МИОА на актот за систематизација каде е предвидено вработување на

---

[113] Член 100, став 2 од ЗМС;

[114] Правилник за систематизација на работните места бр.01-285/1 од 07.02.2020 година, Правилници за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-718/2 од 11.05.2021 г.;

[115] Одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошките истражувања, 2 одделенија за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион Штип и реон Тетово и одделение за вршење на инспекциски надзор на рударска техничка опрема;

[116] Правилник за систематизација на работните места бр. 01-736/1 од 21.03.2023 година;

[117] Член 12 од Закон за техничка инспекција;

инспектори со различен вид на образование. Со анализа на видот на образованието на вработените во секторот за инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошки истражувања утврдивме дека до периодот на известување од ревизијата вработени се по двајца инспектори со рударски факултет и со технолошко металуршки факултет, по еден со геолошки факултет, технолошки технички факултет, и еден економист, машински инженер и правник.

Со Законот за техничка инспекција дадена е можност за вработување на инспектори со различни квалификации на образование кои не се компатибилни со дејноста рударство и геологија. Имајќи во предвид дека станува збор за специфична дејност која е предмет на инспекциски надзор, заснована на обемна и стручна законска регулатива за која се неопходни потребни знаења, вештини и искуство за вршење на квалитетен и сеопфатен надзор, не соодветното образование може да влијае на квалитетот и стручноста во вршењето на инспекцискиот надзор.
Наведената состојба е констатирана и во КИ на ОДР од 2021 година, но не се преземени мерки по дадените препораки.

3.3.2. Планирањето на инспекциските надзори согласно Законот за инспекциски надзор започнува со донесување на годишен план за работа на инспекциската служба од страна на директорот, по претходна согласност на Инспекцискиот совет. Врз основа на годишниот план за работа, инспекцискиот надзор се спроведува во согласност со месечен план за работа на секој инспектор, со кој се врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема и над примената на законите и другите прописи при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини.
Инспекцискиот надзор треба да се заснова на проценка на ризик и да се спроведува според Методологијата[118], со која се пропишува начинот на проценка на ризик и мерењето на степенот на ризиците кои има можност да се јават кај субјектите на надзор. Анализата на ризици треба да биде изработена имајќи ги во предвид големината на субјектите предмет на инспекциски надзор групирани според степенот на ризик, елементите за проценка на ризикот (тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици), како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценката на ризик[119]. Секој од утврдените ризици се мери според утврдени критериуми и индикатори, за кој се доделува определен број на бодови.

Во годишните планови за работа за 2021 и 2022 година, ДИТИ се повикува дека анализата на ризици на субјектите предмет на надзор е извршена согласно донесената методологија, меѓутоа ревизијата утврди дека истата се применува делумно односно нецелосно при планирање на инспекциските надзори. Имено, при изготвување на анализата на ризикот субјектите од областа на експлоатација на минерални суровини се рангирани во три групи на ризик, но без притоа целосно да се запази методологијата

[118] Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.07-1153/1 од 15.10.2020;
[119] Зачестеноста на надзорот е предвидено да се спроведува во зависност од степенот н ризик и тоа при: висок степен на ризик - најмалку еден инспекциски надзор годишно, среден степен - најмалку еден инспекциски надзор во две години и низок степен - најмалку еден инспекциски надзор во три години;

и да се бодуваат сите елементи за проценка на ризик[120] според утврдените критериуми, елементи и индикатори, без податоци за година на претходно извршен надзор, податок дали станува збор за нов или постоечки субјект, ниту е извршено финално бодување од кое ќе се заклучи начинот на избор за вклучување на субјектите во годишниот план за работа.

Наведените состојби имаат за ефект планирањето на надзорите да се врши без идентификување на специфичните елементи за процена на ризик и мерење на степенот на ризиците со цел ефективно и рационално планирање на обемот на зачестеноста на надзорот над концесионерите за постигнување на максимални ефекти во спречување на неправилностите и минимизирање на штетите.

3.3.3. Непосреден инспекциски надзор над примената на законите, подзаконските акти и другите општи акти, како и над примената на пропишаните стандарди и технички нормативи за вршење на работите при изведба на рударски работи, експлоатација и преработка на минерални суровини има обврска да врши државниот рударски инспектор. Во рамките на ДИТИ инспекцискиот надзор се спроведува како редовен инспекциски надзор - според однапред предвиден распоред во годишниот и месечен план, вонреден инспекциски надзор - по барање на заинтересирани лица, претставки, пријави, по барање на МВР и МЕ и контролен надзор - заради отстранување на забелешките од претходен инспекциски надзор.

Од увидот во бројот на планирани инспекциски надзори во однос на издадените концесии утврдивме дека во периодот од 2020-2022 година со редовен инспекциски надзор[121] не се опфатени вкупно 194 концесионери. Бројот на концесии кои не се опфатени со редовен надзор по години е претставен во следниот графички приказ:

**Графикон бр. 10 –** Концесии кои не се опфатени со редовен надзор




Ревизијата изврши анализа на извршените инспекциски надзори од страна на Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања при ДИТИ по видови и утврди дека во периодот 2020 - 2022 година извршени се вкупно: 316 надзори во 2020 година, 440 надзори во 2021 година и

[120] тежина на штетни последици и веројатноста за случување на штетните последици;
[121] член 107 од ЗМС

372 надзори во 2022 година. Структурата на инспекцискиот надзор по видови е прикажана во следниот графички приказ;

**Графикон бр. 11** – Вкупен број на извршени инспекциски надзори над експлоатација на минерални суровини по видови




Согласно податоците за извршени инспекциски надзори на ДИТИ, констатиравме дека најголем број на инспекциски надзори се извршуваат преку редовното планирање на инспекциските надзори, со помала застапеност на контролните и вонредните инспекциски надзори.

ДИТИ води регистар на извршени инспекциски надзори (образец - РЕГ 6), кој не дава реална слика за состојбата на извршени инспекциски надзори кај концесионерите, односно вкупниот број на надзори според податоците во регистарот е дуплиран. Имено, инспекциски надзор кај концесионерот се спроведува во присуство на двајца инспектори, кои изготвуваат еден записник, кој во регистарот се внесува два пати, односно за секој присутен инспектор поединечно. На ваков начин, вкупниот број на реализирани инспекциски надзори над експлоатација на минерални суровини и детални геолошки истражувања за 2022 година реално изнесува 372 (според податоци евидентирани во деловодник), додека пак во регистарот 572. Ваквата состојба претставува ограничувачки фактор и предизвикува потешкотии во анализирање на состојбите за реално извршени инспекциски надзори, а исто така не дава податоци по видови на минерални суровини.

Од извршениот увид и споредба на издадените Решенија со констатирани неправилности и изречени мерки по спроведените контролни надзори од страна на ДИТИ за периодот од 2020-2022 година го утврдивме следното:

- издадени се вкупно 107 решенија за отстранување на неправилности, а спроведени се 77 контролни надзори. Не е извршен контролен надзор по 30 решенија, на начин утврден со Законот за инспекциски надзор[122], што има за ефект непостапување на инспекторатот согласно своите надлежности и неотстранување на утврдените неправилности од страна на концесионерите;
- при инспекциските надзори инспекторот констатирал прекршоци по Законот за минерални суровини и Законот за техничка инспекција и се издадени 34 покани за порамнување[123] со кои лицето се поканува да пристапи во просториите на ДИТИ да му биде врачен платниот налог, при што наплатени се 8 платни налози. Поради

[122] Член 76, Закон за инспекциски надзор;
[123] согласно Законот за прекршоци и Законот за општа управна постапка;

непостапување, во наведениот период инспекторите имаат поднесено 13 прекршочни пријави кон прекршочен орган и 2 кривични пријави пред надлежен суд.

Наведените состојби имаат влијание врз намалување на ефикасноста на инспекцискиот надзор, не постапување по изречените мерки а со тоа и врз остварување на целта на инспекцискиот надзор за правилна примена на законите, подзаконските и други општи акти, како и над пропишаните стандарди и технички нормативи за вршење на работите при експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања.

3.3.4. Од спроведената анализа на извршените инспекциски надзори над договорите за експлоатација на мермер спроведени од страна на Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања по видови утврдивме дека во периодот 2020 - 2022 година извршени се вкупно: 30 надзори во 2020 година, 38 надзори во 2021 година и 34 надзори во 2022 година. Структурата на инспекцискиот надзор по видови е прикажана на следниот графички приказ:

**Графикон бр. 12** - Инспекциски надзор на концесии за експлоатација мермер




Врз основа на анализата може да се заклучи дека поголемиот број на концесионери кои имаат склучено договор за експлоатација на мермер се опфатени со инспекциски надзор, односно бројот на концесионери кои не биле предмет на редовен надзор во периодот 2020 – 2022 година е следен: еден во 2020 година, 3 во 2021 и 2 концесионери во 2022 година.

Од извршениот увид и споредба на издадените Решенија со констатирани неправилности и изречените мерки со спроведените контролни надзори од страна на инспекциската служба со кои треба да се утврди дали субјектот постапил по инспекцискиот акт, за периодот од 2020-2022 година го утврдивме следното:

- издадени се вкупно 4 решенија за отстранување на неправилности и тоа по 2 решенија во 2021 и 2022 година, по кои се спроведени контролни надзори. При инспекциските надзори инспекторот констатирал прекршоци по ЗМС суровини и Законот за техничка инспекција и се издадени 6 покани за порамнување, со кои лицето се поканува да пристапи во просториите на ДИТИ да му биде врачен платниот налог, при што наплатени се 2 платни налози. Во наведениот период инспекторите имаат поднесено 2 прекршочни пријави кон прекршочен орган.

Од извршената теренска посета кај концесионери и анализа на констатираните состојби во записниците од извршен инспекциски надзор ревизијата утврди одредени состојби кои не се констатирани при вршење на инспекцискиот надзор:

- по основ на 2 договори за експлоатација на мермер, инспекторите во записникот констатираат дека експлоатацијата се врши согласно договорот, односно се експлоатира мермер, додека од извршениот теренски увид и увид во документацијата од извршени лабораториски испитувања на својства на камен од матична карпа и дробен каменит материјал, утврдивме дека се експлоатира варовник, како градежно технички камен. Ваквата состојба има влијание врз вршење на експлоатација без потребна документација (договор, дозвола) за видот на минералната суровина што се експлоатира и продава, како и врз висината на остварените приходи по основ на склучените договори;
- резултатите од извршениот инспекциски надзор не даваат уверување за реалноста на прикажаните количини на експлоатирана количина на минерална суровини, кои се основа за продажба, а со тоа и за пресметка и плаќање на концесиските надоместоци. Имено, една од надлежностите на државниот рударски инспектор е да изврши надзор дали концесионерот води евиденција за произведените количини на минерални суровини на пропишаниот начин, меѓутоа утврдивме дека при вршење на инспекцискиот надзор не се врши проверка и анализа дали податоците од книгите на произведени количини се совпаѓаат со податоците од извршените годишни снимања презентирани во геодетските елаборати. Според добиените образложенија од надлежни лица во ДИТИ како причина за ваквата состојба беше посочено отсуството на посебно одделение, односно вработени во ДИТИ кои би вршеле анализа на податоците, бидејќи инспекторите при инспекцискиот надзор не вршат анализа на податоците;
- При изведување на рударските работи, како и при преработката на минералните суровини концесионерот е должен да обезбеди технички надзор на изведувањето на тие работи според рударските проекти, техничките прописи и нормативи, како и според прописите за заштита при работа, безбедност и здравје. За технички надзор на изведување на рударски работи[124] при површинска експлоатација може да биде назначено лице кое е рударски инженер од соодветната рударска насока и поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини. Ревизијата утврди дека во 2 рудници за експлоатација на мермер опфатени со ревизијата, назначен е рударски надзор од несоодветна рударска насока, односно со насока за подготовка на минерални суровини или подземна експлоатација кои немаат стручно образование за површинската експлоатација што се изведува на рудниците. Ваквата состојба треба да биде предмет на надзор од страна на рударските инспектори[125], но во записнците од извршена контрола истото не е констатирано, што создава ризик врз извршувањето на стручната работа и пропусти при рударскиот надзор.

[124] член 63, точка 1 и 2 од ЗМС;
[125] Член 103, став 1, алинеја 4 од ЗМС;

Наведените состојби придонесуваат кон намалена ефикасност во извршувањето на надзорот, како и неможност за потврда на експлоатираните количини на минерални суровини прикажани од страна на концесионерите, кои имаат директно влијание врз висината на пресметката и плаќање на концесиските надоместоци и не постигнување на целите за оптимално искористување на минералните суровини.

3.3.5. Експлоатација на минералните суровини се врши на определен простор - експлоатационо поле, чија големина, граници и положба се дефинирани во дозволата за експлоатација и во главниот или дополнителниот рударски проект за експлоатација на минерални суровини. Доколку концесионерот експлоатацијата ја врши надвор од експлоатационото поле, согласно измените на ЗМС од 2022 година, истото подлежи на еднострано раскинување на концесијата за експлоатација од страна на концедентот, како и на изрекување и плаќање на глоба[126]. ДИТИ е надлежен да врши надзор дали концесионерот ги исполнува условите пропишани со ЗМС, меѓу кои и дали концесионерот врши експлоатација согласно дозволата за експлоатација и е во рамките на експлоатационото поле.

Техничката опременост со возила, инструменти и опрема за вршење на инспекциски надзор е важен предуслов за квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор, односно обезбедување на уверување дека експлоатација на минералните суровини се врши во рамките на експлоатационото поле дефинирано со главниот рударски проект.

Врз основа на спроведените интервјуа и увид во документацијата ревизијата ги утврди следните состојби:

- ДИТИ располага со ограничени, недоволни и застарени технички ресурси - опрема за утврдување на сомнеж од вршење на експлоатација надвор од експлоатационото поле за кое концесионерот поседува дозвола. Според добиените податоци ДИТИ располага со 4 ГПС уреди, 4 ласерски метра и еден гас детектор (некалибриран), кои по проценка на инспекторот се користат за мерење на границите на експлоатационото поле, меѓутоа истите се со застарена технологија и не се користат редовно. ДИТИ со Предлог буџетот за 2022 година [127] има предвидено средства за набавка на опрема и ГПС уреди со кои би се иницирале сомнежи дека концесионерот експлоатацијата ја изведува надвор од експлоатационото поле, како и други апарати за потребите при вршење на инспекциски надзор, меѓутоа истите не се одобрени од страна на МФ во потребниот износ.
- Доколку при спроведување на инспекцискиот надзор се појави сомнеж кај инспекторот дека концесионерот врши експлоатација надвор од експлоатационото поле тогаш инспекторот [128] на концесионерот може да му наложи да изврши геодетско снимање, односно да направи геодетска снимка, која потоа се анализира и се постапува по истата. Во периодот од 2020-2023 година по барање на инспектор издадени се наредби за геодетско снимање на 6 концесионери по кои е постапено од страна на 4 концесионери. По извршеното

[126] член 51 и член 123 од ЗМС;
[127] Предлог-буџет за 2022 година, архивиран под број 05-878/2 од 30.08.2021 година;
[128] согласно член 116 од ЗМС;

снимање кај два концесионери ДИТИ доставила предлог за раскин на договорите за концесија до МЕ по што договорите за концесија се раскинати[129]. Против двајцата концесионери кои не постапиле по изречената наредба поведени се прекршочни постапки до основен суд, по кои е донесена пресуда со која се утврдува вина на концесионерите за непостапување и се изречени глоби. Ваквата состојба упатува на заклучок дека доколку се зголеми бројот на геодетски снимања на просторот на кој што се врши експлоатација постои можност дека бројот на концесионери кои вршат експлоатација надвор од експлоатационото поле ќе биде поголем.
- ДИТИ располага со 4 исправни возила и 10 стари возила кои се неисправни/ полуисправни, кои доколку се споредат со вкупниот бројот на планирани инспекциски надзори согласно годишниот план за работа за 2022 и 2023 година кои изнесуваат 662 на годишно ниво, од кои во поголем број се надвор од Скопје, може да се заклучи дека истите се недоволни за извршување на основната дејност.

Недоволната и несоодветна техничка опременост на инспекторатот влијае врз ефикасноста на инспекцискиот надзор, претставува ограничување во извршувањето надзор и создава можност концесионерите да вршат експлоатација надвор од рамките на експлоатационото поле дефинирано со дозволата и главниот рударски проект.
Со буџетот за 2024 година предвидена е набавка на 3 рачни GPS со вчитани карти на државата, како и друга опрема, а исто така од Секторот доставен е предлог со нови иницијативи за финансирање за геодетско снимање на местото на експлоатација.

### Надзор и мерки за санација и рекултивација на земјиштето

3.3.6. Концесионерот кој врши експлоатација, како и преработка на минерални суровини, за време на изведувањето на рударските работи и работи од преработка на минерални суровини, како и по нивното завршување има обврска[130] да изведе санација и рекултивација на просторот, во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, проектот за санација и рекултивација, кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект, како и во согласност со планот за управување со отпад.

Државниот рударски инспектор има надлежност да врши непосреден инспекциски надзор дали концесионерот врши санација на просторот во согласност со договорот за концесија и дозволата за експлоатација. Врз основа на спроведените интервјуа и извршениот увид во документацијата утврдивме дека ДИТИ на барање на МЕ, врши надзор по веќе раскинат договор за концесија. Меѓутоа, имајќи во предвид дека договорите за концесија се раскинати, локалитетот нема сопственик на кого би било издадено задолжението за санација односно рекултивација на земјиштето, бидејќи согласно ЗМС[131] при едностран раскин на договорот за концесија престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно сврзани со концесијата за

[129] Одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација, бр.41-2937/6 од 02.05.2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 97/2023);
[130] согласно член 83 од ЗМС;
[131] член 50 од ЗМС;

експлоатација и концесионерот е должен целокупната техничка документација заедно со проектот да ја достави до МЕ. Со увид во записниците од извршен вонреден инспекциски надзор по едностран раскин на концесија утврдивме дека инспекторот констатира дека е донесена одлука за раскинување на договорот, на просторот повеќе не се врши експлоатација и дека концесионерот ја повлекол целокупната опрема, но не се наведува дали извршил санација и во каква состојба е напуштен концесискиот простор, односно дали е постапено согласно главниот или дополнителниот рударски проект.

Ваквата состојба на вршење на инспекциски надзор по раскинат договор за концесија, наместо непосредно пред стапување во сила на одлуката за едностран раскин на договорот, создава ризик просторот да се напушти без извршена санација на истиот, како и без можност на инспекторот за издавање на наредба за постапување/задолжување и/или изрекување на глоба за концесионерот, што влијае врз намалена ефикасност од инспекцискиот надзор. Со оглед на тоа што инспекцискиот надзор не се врши координирано со инспектор за животна средина наведените состојби може да се одразат и врз загадување на животната средина.

Воведувањето на обврската за доставување на финансиска гаранција од страна на концесионерите најкасно до април 2024 година во иднина треба да придонесе за надомест на штетните ефекти по животната средина без оглед на тоа дали настанале за време или по истекот на дозволата за експлоатација и во секој момент да постојат веднаш достапни фондови за санација на земјиштето.

3.3.7. Една од причините за деградација на земјиштето е рударството, односно искористувањето на минералните суровини, како резултат на сложените активности при кои настануваат закани врз природата, односно оштетувања на земјиштето. Рекултивирањето како процес на повторно враќање на земјиштето во корисна состојба, деградирано со геолошките истражувања или со експлоатацијата и преработка на минерални суровини, вклучува спречување на понатамошна ерозија, зајакнување и стабилизирање на подлогата, одводнување и покривање на остатоците од руда, подобрување на својствата, уредување и пошумување.

Од тие причини, покрај законската обврска на концесионерот да изврши рекултивација на земјиштето по исцрпување на експлоатираните резерви на минерална суровина, предвидено е Владата на предлог на министерот за економија да донесе годишна програма за рекултивација на деградирани простори[132]. Со годишната програма треба да се утврдат напуштените деградирани простори за кои ќе бидат преземени мерки за рекултивација, начинот на рекултивација, висината на потребните средства, како и начинот на управување со инсталациите за отпад кои што се последица од експлоатацијата лежишта од кои е исцрпена минералната суровина. Средствата за финансирање на годишната програма предвидено е да се обезбедуваат од Буџетот на државата, во висина од 4% од средствата кои се уплатуваат по основ на надоместоци за концесии.

[132] член 83 од ЗМС;

Во досегашниот период, поради необезбедени финансиски средства за оваа намена во буџетот на МЕ оваа законска обврска не е испочитувана, односно не се донесени годишни програми, што е причина за неприменување на општо прифатениот модел за одржлива експлоатација на минералните суровини. Како резултат на непочитување на обврските за рекултивација на земјиштето зафатено со експлоатација на минерални суровини, од страна на концесионерите и од страна на концедентот, многу често е присутна појавата на деградација, целосно ископани површини и отстранета вегетација.

Наведената состојба е констатирана и со КИ на ОДР од 2021 година, но сеуште не е надмината.

3.3.8. Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини задолжително треба да изработи план за управување со отпадот од минерални суровини[133], заради сведување на минимум, прочистување, обновување и складирање на новонастанатиот отпад од минералните суровини, имајќи го предвид начелото на одржлив развој и истиот се доставува кон барањето за издавање на дозвола за експлоатација. Исто така, заради покривање на трошоците за елиминирање на штетните ефекти по животната средина од дозволените дејности МЕ пред доделување на дозволата за експлоатација бара потврда за финансиска гаранција[134].

Со извршената анализа и увид во плановите за управување со отпад доставени од страна на концесионерите и обврската за доставување на финансиска гаранција ги утврдивме следните состојби:

- Правилникот за содржината на Планот за управување со отпад е донесен во 2022 година[135], наместо до ноември 2013 година, поради што постоечките планови за управување со отпад изготвени од концесионерите не се унифицирани во однос на податоците кои ги содржат. Во плановите дадени се општи информации за технологијата за експлоатација, обработката и депонирањето на отпадот, рекултивација на рудникот по завршувањето на експлоатацијата[136], како и податоци пренесени од рударскиот проект, но отсуствуваат прецизни податоци за постапката, динамиката на управување со отпадот, мерки за поттикнување на реупотребата и намалување на производството на отпад. Со извршената теренска посета на концесионерите утврдивме големи количини на јаловина, но и недостиг на инспекциски надзор врз плановите за управување со отпад, поради непрецизни законски одредби за надлежноста за вршење надзор над нивната примена. Притоа, плановите за отпад се доставуваат до МЕ, заради исполнување на пропишаната обврска, но нема надлежност и можност за следење на нивната примена и постапување по истите. Концесионерите имаат обврска да донесат нови планови за управување со отпад усогласени со новиот подзаконски акт, кои согласно

[133] член 87 од ЗМС;
[134] член 37 и член 96 од ЗМС;
[135] Службен весник на РСМ бр.51 од 09.03.2022 година;
[136] Со нанесување на земјен (хумусен) прекривач со кој би се покриле површините од инсталацијата за отпад и засадување на садници од бор, багрем и слично, по што се очекува за краток временски природно да се развие нов растителен свет;

измените на ЗМС од 2022 година[137] треба да се доставаат до МЕ најкасно до април 2024 година.

- Концесионерите уште од 2015 година се должни, до МЕ да достават финансиска гаранција за надомест на штетни влијанија, во спротивно недоставувањето на истата преставува основ за едностран раскин на договорите за концесија[138]. Висината на финансиската гаранција треба да се приспособува на секои пет години, согласно со работите за рекултивација на земјиштето, кои треба да се извршат на земјиштето зафатено од инсталацијата, опишано во Планот за управување со отпадот[139].

  До 2022 година ниту еден концесионер кој има склучено договор за експлоатација нема доставено финансиска гаранција, а притоа не се раскинати договорите. Со измените на ЗМС[140] рокот за доставување на финансиска гаранција се пролонгира до април 2024 година, а до денот на известувањето од извршената ревизија до МЕ се доставени 35 финансиски гаранции.

Задоцнетото донесување на актот со кој се уредува формата и содржината на плановите за управување со отпад, отсуството на мерки за реупотреба и намалување на создадениот отпад, неизвршен инспекциски надзор врз плановите за управување со отпад, како и необезбедените финансиски гаранции не овозможуваат спречување или намалување на производството на отпад и на неговото штетно влијание врз животната средина и покривање на евентуално настанатите штетни последици.

3.3.9. Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на ЗМС кои се однесуваат на животната средина го врши ДИЖС преку државните инспектори за животната средина кои се надлежни да утврдат дали инсталацијата поседува дозвола за експлоатација, дали доставиле годишен извештај до МЕ за сите резултати од следењето за да демонстрира сообразност со условите за издавање на дозвола за експлоатација, дали е назначено лице за надзор над програмата за спречување на значителни опасности, увид и контрола во податоците од евиденциите за опасен отпад од инсталациите со А интегрирана еколошка дозвола и за опасен отпад од инсталациите со Б интегрирана еколошка дозвола и дали отстранувањето на отпадот ги задоволува условите пропишани со дозволата за експлоатација, вклучувајќи ги и граничните вредности на емисија на воздухот, водата и почвата.

Со увид и анализа на годишните планови за работа, полугодишните и годишните извештаи за работењето на ДИЖС и увид во доставените записници од извршени инспекциски надзори за периодот предмет на ревизија ги утврдивме следните состојби:

- инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од ЗМС од страна на концесионерите, а кои се однесуваат на заштита на животната средина, не се планира како редовен надзор со годишните планови за работа на ДИЖС, туку истите се спроведуваат како вонредни инспекциски надзори по барање на МЕ или

[137] Закон за изменување и дополнување на ЗМС („Сл. весник на РСМ“ бр.99 од 21.04.2022 година);
[138] член 136 од ЗМС;
[139] член 96 од ЗМС;
[140] Закон за изменување и дополнување на ЗМС („Сл. весник на РСМ“ бр.99 од 21.04.2022 година);

друг орган и како редовни или вонредни инспекциски надзори од аспект на спроведување на одредбите на Законот за животна средина,

- со анализа на записниците од извршени инспекциски надзори во периодот 2020-2023 година утврдивме дека ДИЖС има извршено инспекциски надзор кај 17 концесионери, и тоа:
  - кај 6 концесионери е извршен инспекциски надзор по барање на МЕ во случај на едностран раскин на договорот за концесија и по добиена пријава/претставка, при што е издадено едно решение за постапување и извршен е контролен надзор, со кој е утврдено дека е постапено по издаденото решение,
  - кај 4 концесионери надзорот е извршен по барање на Инспекциски совет од аспект на почитување на одредбите на повеќе закони[141] заради појава на заматување на водата за пиење на извор Леково Прилеп, при што се издадени 2 решенија за отстранување на утврдените недостатоци, а по извршен контролен надзор е утврдено дека истите се отстранети и
  - кај 7 концесионери извршен е редовен или вонреден инспекциски надзор од аспект на спроведување на одредбите на Законот за животна средина заради утврдување дали инсталацијата поседува Б интегрирана еколошка дозвола, дали операциите во инсталацијата се спроведуваат согласно условите утврдени во истата и дали се врши мониторинг во согласност со условите на дозволата, при што е издадено едно решение за постапување, а по извршен контролен надзор е утврдено дека се преземени мерки за постапување по издаденото решение.

Нагласуваме дека согласно одредбите на Законот за животната средина активностите на инсталациите може да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола, која според видот на активноста и обемот на инсталацијата се издава како А – интегрирана еколошка дозвола и ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање или како Б – интегрирана еколошка дозвола која ја издаваат општините. Со Уредбата[142] се утврдени активностите на инсталациите за кои е потребно Б интегрирана еколошка дозвола, при што во точка 3 Индустрија на минерали поточка 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сечење, загревање на минерални суровини се опфатени и субјектите/инсталациите за експлоатација на минерални суровини – архитектонско украсен камен. Инспекциски надзор над примената на одредбите на ЗЖС за работите од надлежност на општината вршат овластени инспектори за животна средина на општината.

Поради вака воспоставениот систем на надзор концесионерите кои вршат експлоатација на архитектонско - украсен камен и други видови на минерални суровини, а кои поседуваат Б интегрирана еколошка дозвола, се предмет на надзор од страна на овластените инспектори за животна средина на општината, што се потврди и со извршената посета на концесионерите, но надлежностите на овластените

[141] Закон за животна средина, Закон за водите и Закон за управување со отпад;

[142] Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Сл. весник на РМ бр.89/2005):

инспектори за животна средина не се опфатени со одредбите на ЗМС, што посочува на неусогласеност на одредбите на ЗМС со одредбите на ЗЖС.

Наведените состојби имаат влијание врз планирањето, извршувањето и ефикасноста на инспекцискиот надзор над експлоатацијата на минералните суровини од страна на ДИЖС, односно врз негативните ефекти и штетните влијанија врз животната средина.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата дава основа да го изразиме следниот заклучок:

Со извршената ревизија и обезбедените докази стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите кои се преземаат од страна на надлежните институции не обезбедуваат целосна подготвеност и сигурност за остварување на оптимална искористеност на минералните суровини, сеопфатна и навремена наплата на концесиските надоместоци и ефикасен систем на надзор над реализацијата на склучените договори.

Отсуството на долгорочна стратегија, слабости во законската регулатива, не целосно ажуриран регистар на податоци за склучените договори и нецелосен катастар на минерални суровини не обезбедуваат јасен и целосен преглед на состојбите со минералните суровини за водење активна политика во однос на нивното оптимално искористување и одржливо управување со минералните суровини на национално ниво. Условите за поништување на постапката, избор на концесионери без соодветен доказ за економско финансиската состојба, како и непрецизно уредените договорни обврски за концесионерите не обезбедуваат правна заштита на концедентот како и ефикасна реализација на склучените договори. Системот на плаќање на концесиските надоместоци кој се спроведува во услови на отсуство на меѓусебно уредување на начинот на комуникација и размена на податоците помеѓу надлежните институции, не дава целосност и точност на податоците за концесиските надоместоци по основ на експлоатирана количина на минерална суровина што создава слабости во непречено и целосно следење на плаќањето и преземање на навремени мерки и активности за наплата на ненаплатените надоместоци од страна на концесионерите. Концесиските надоместоци кои се определени и утврдениот начин за пресметка на надоместоците за експлоатирани количини не е одраз на реалните пазарни/продажни цени кои ги остваруваат концесионерите, а имајќи предвид дека со експлоатацијата е зафатен голем простор од природата од 334 км$^2$, кој во најголем дел е во државна сопственост, со која се менува природниот релјеф на површината и се предизвикуваат негативни влијанија врз животната средина, висината на надоместоците која е определена во нашата држава на ниско ниво. Утврдивме помалку наплатени концесиски надоместоци и камата во вкупен износ од 21.050 илјади денари, како и ненавремено наплатени надоместоци во вкупен износ од 1.174.809 илјади денари за кои од страна на МЕ не се врши пресметка и наплата на казнена камата, што влијае врз остварувањето на помали буџетски приходи. Во периодот на известување од ревизијата од вкупниот износ уплатени се 8.392 илјади денари за концесиски надоместоци и камата, а по основ

на дадените препораки од претходната ревизија наплатена е камата во вкупен износ од 6.136 илјади денари што претставува додадена вредност во остварување на буџетски приходи. Користените рударски техники за добивање на корисна маса и отсуството на мерки за реупотреба на јаловината имаат влијание врз степенот на искористеност на минералните суровини, зголемено производство на јаловина со кои се создаваат негативни ефекти врз животната средина. Утврдивме дека не е воспоставена политика за управување со залихите кои бележат пораст и имаат влијание врз остварувањето на буџетските приходи.

Вршењето на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини без целосна примена на методологијата за проценка на ризици при избор на субјекти на надзор, нецелосно извршени контролни надзори по издадените решенија за отстранување на неправилности, без давање на уверување за реалноста на експлоатираните количини на мермер, како и во услови на недостаток на стручни човечки ресурси и опрема не обезбедува ефикасен контролен механизам.

## 5. ПРЕПОРАКИ

**Министерството за економија да ги преземе следните мерки и активности:**

1. Продолжување на активностите за доставување на предлог Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини 2025 – 2045 година до Владата за нејзино донесување (точка 3.1.1.).
2. Во стратешките програми на министерството да се дефинираат активности и мерки за постигнување на стратешките приоритети од аспект на остварување на одржливо искористување на минералните суровини, со мерливи индикатори за мерење на успешноста од нивното спроведување (точка 3.1.2.).
3. Да се интензивираат активностите за донесување на подзаконските акти (точка 3.1.3.).
4. Да покрене иницијатива за измени и дополнувања на ЗМС во делот на:
   - пропишување на обврска за водење на регистар на склучени/раскинати договори и издадени дозволи за концесија и со подзаконски акт да се уреди содржината, начинот на водење на регистарот, достапност, динамиката на објавување и ажурирање на податоците во регистарот (точка3.1.7.);
   - за иницирање дополнувања на ЗМС со кој би се опфатил корундот како вид на минерална суровина, односно негова заштита со посебен акт (точка 3.1.8.);
   - при доделување на концесии за вршење геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини да се определи оддалеченоста на концесијата од населени места, станбени објекти и објекти од јавен интерес (точка 3.1.9.);
   - доуредување на условите за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини во делот на докажување на способноста на понудувачите, со пропишување на услови за техничката способност, односно минимални услови со кои ќе се увери дека понудувачите ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот или докажување на способноста преку изведувачи на рударски работи (3.1.9.);

- уреди постапката за едностран раскин на договорите за концесија по сите основи утврдени во ЗМС (точка 3.1.13);
- пропише начинот на наплата и контрола на концесиските надоместоци со точно утврдени одговорности и надлежности на институциите вклучени во процесот (точка 3.2.1.);
- пропише формата и содржината на пресметките кои концесионерите имаат обврска да ги доставуваат на секои три месеци за продадените, односно употребените количини на минерални суровини (точка 3.2.1.);
- утврдат прецизни законски одредби за утврдување на надлежната институција која ќе врши пресметка и задолжување со плаќање на законска казнена камата доколку концесионерот задоцни со исплата на концесискиот надоместок (точка 3.2.2. и 3.2.3);
- уреди обврска за пропишување на формата и содржината на геодетските елаборати и преземе активности за донесување на подзаконски акт (точка 3.2.4.);
- утврдување надлежна институција за вршење инспекциски надзор над плановите за управување со отпад и нивно доставување до истата (точка 3.3.8.);
- утврдување надлежности за надзор над одредбите од аспект на животната средина и од страна на овластените инспектори за животна средина на општините (точка 3.3.9.).

5. Интензивирање на активностите за зајакнување на кадровската екипираност на Секторот за минерални суровини (точка 3.1.5.).
6. Редовно ажурирање на податоците од регистарот на склучени договори и издадени дозволи за експлоатација и евиденциите за следење на наплата на концесиските надоместоци (точка 3.1.7. и точка 3.2.3.).
7. Да достави мислење по однос на изготвениот Елаборат за заштита на македонскиот производ минерална суровина (корунд), географска ознака, наменета за производство на јувелирски камења под името „Македонски рубин", од страна на Геолошки завод (точка 3.1.8).
8. Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија да преземе активности:
   - евалуацијата на понудите во делот на докажување на економско финансиската состојба да продолжи да ја врши согласно поставените услови во тендерската документација;
   - членовите на Комисијата и нивните заменици да потпишуваат изјави за непостоење на судир на интереси со понудувачите;
   - во одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини да бидат содржани сите задолжителни елементи, а особено видот на постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат, податоци за депонирана финансиска гаранција, како и должностите на носителот на концесијата во поглед на санацијата и рекултивацијата на земјиштето што е деградирано од рудничките активности (точка 3.1.10.).
9. Редовно следење на степенот на исполнување на обврските од склучените договори за доделување на концесија за експлоатација на минералните суровини,

особено во делот на плаќањето на концесиските надоместоци и преземање навремени мерки за наплата на ненаплатените надоместоци од страна на концесионерите и наплата на казнена камата (точка 3.2.2. и 3.2.3.).

10. Интензивирање и продолжување на активностите за наплата на долг од должниците на кои им се раскинати договорите за концесија (точка 3.2.2. и 3.2.3.);
11. Да преземе иницијатива за измена на Тарифникот во насока кон (точка 3.2.5.):
    - зголемување на висината на концесиските надоместоци за користење на простор и утврдување на нов начин за пресметка на концесиските надоместоци за експлоатација на минерални суровини која ќе овозможи рамноправно оптоварување на концесионерите со концесиски надоместоци;
    - дефинирање на стандарди за определување на карактеристики на комерцијален блок и томболон;
    - дефинирање на видовите на скапоцени и полускапоцени камења за кои ќе се примени определениот надоместок и усогласување на тарифникот со ЗМС.
12. Во договорите/дозволите за експлоатација да ги задолжи концесионерите да водат ажурна евиденција на залихите на минерални суровини и воспостави контролен систем за оптимално одржување и управување со нивото на залихи (точка 3.2.6.).
13. Да ги интензивира активностите за ажурирање на договорите за експлоатација на мермер за локалитетите на кои се експлоатира друг вид на минерална суровина наместо мермер, односно да иницира од концесионерите поведување на постапка за доделување на концесија за друг вид на минерална суровина и склучување на нов договор за експлоатација за суровината која е предмет на експлоатација, а врз основа на изготвените елаборати за прекатегоризација на рудните резерви (точка 3.2.7.).
14. Да спроведе анализа на издадени одобренија за експлоатација пред март 1999 година, а кои не поседуваат дозвола за експлоатација согласно важечката законска регулатива и да се задолжат концесионерите да изработат нов главен рударски проект а по обезбедување на потребната документација да достават барање за издавање на нова дозвола за експлоатација (точка 3.2.8.).
15. Да води ажурна евиденција за доставените:
    - планови за управување со отпад согласно донесениот Правилник за содржината на Планот за управување со отпад и
    - финансиски гаранции за елиминирање на штетните ефекти по животната средина од страна на концесионерите во утврдениот рок, а во спротивно да се пристапи кон еднострано раскинување на договорите (точка 3.3.8.).
16. Во Плановите за управување со отпад да го уреди начинот на постапување со јаловината на мермерна маса од страна на концесионерите од аспект на утврдување на мерки за поттикнување на реупотребата и намалување на производството на отпад (точка 3.2.6. и 3.3.8).

**Државниот инспекторат за техничка инспекција да ги преземе следниве активности:**

17. Да врши надзор над степенот на експлоатација на минерални суровини кај концесионерите на годишно ниво и доколку истите експлоатираат помалку од 20

проценти од предвидената количина на минерална суровина согласно рударскиот проект во текот на една година да го извести МЕ за преземање мерки за еднострано раскинување на договорите за концесија (точка 3.1.13).

18. Да спроведе кадровско доекипирање на Секторот за инспекциски надзор над експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања со соодветен стручен кадар од областа геологија и рударство (точка 3.3.1.).
19. Планирањето на инспекциските надзори кај субјектите да го врши врз основа на анализа на ризици и целосна примена на донесената методологија (точка 3.3.2.).
20. Да спроведе контролен инспекциски надзор по издадените решенија со изречени мерки, односно примена на друга инспекциска мерка согласно закон при непостапување по изречените мерки (точка 3.3.3.).
21. Да поднесе барање на мислење до Инспекцискиот совет за изнаоѓање на соодветно решение за внесување на податоци во регистарот на извршени инспекциски надзори без дуплирање на бројот на инспекциски надзори по концесионер (точка 3.3.3.).
22. Да го зајакне контролниот механизам над работењето на концесионерите преку:
    - анализа на податоците за откопани/произведени количини на минерални суровини од геодетските елаборати и нивна споредба со книгите на произведени количини (точка 3.2.4. и 3.3.4.);
    - утврдување дали концесионерот ги изведува рударските работи за експлоатација според главниот / дополнителниот рударски проект и издадена дозвола за експлоатација (точка 3.2.7., 3.2.8. и 3.3.4.);
    - констатирање дали лицето кое врши техничко водење и надзор на рудникот ги исполнува условите пропишани со закон (точка 3.3.4.).
23. Да продолжи со активностите за обезбедување на средства за набавка на опрема неопходна за вршење на инспекциски надзор (точка 3.3.5.).
24. Во записниците од извршен вонреден инспекциски надзор при едностран раскин на концесија да ја утврди состојбата на концесискиот простор, од аспект на: извршена/неизвршена санација од страна на концесионерот и постапување/непостапување согласно главниот или дополнителниот рударски проект, како и да изрече соодветни мерки за санација на просторот доколку има отстапување (3.3.6.).

**Геолошкиот завод да ги преземе следниве активности:**

25. Покренување на иницијатива во соработка со надлежните институции за измени и дополнувања на Закон за Геолошки завод на Република Северна Македонија со кој меѓу другото ќе се (точка 3.1.4.):
    - доуреди поимот основни геолошки истражувања и користењето на добиените податоци од спроведените истражувања;
    - регулира изработката на геолошката документација за вршење на основни геолошки истражувања и изведувањето на основните геолошки истражувања од страна на Геолошки завод;
    - уреди надлежноста за формирање на комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација за детални геолошки истражувања по претходно преземање на иницијатива за прецизирање на законските одредби во

Законот за минерални суровини.

26. Зајакнување и доекипирање на кадровските капацитети согласно утврдените законски надлежности (точка 3.1.4.).
27. Во делот на водење на Катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Северна Македонија да (точка 3.1.6.):
    - воспостави систем за континуирано обезбедување на потребните податоци од МЕ и други надлежни институции и внесување во катастарот;
    - да го пропише начинот на чување, заштита, архивирање и издавање на податоците од катастарот и воспоставување на целосна база на податоци за сите појави и наоѓалишта во државата.
28. Геолошки завод по добивање на мислење од МЕ по однос на Елаборатот за заштита на корундот да го достави истиот до Владата со иницијатива за преземање на конкретни мерки за постапување (точка 3.1.8.).
29. За наоѓалиштето на минерални суровини „Црн Камен", с. Алинци (точка 3.1.14.):
    - да поднесе иницијатива до Владата да се заштити пристапот на локалитет на наоѓалиштето согласно координатите со кои располага Геолошки завод;
    - да се евидентира во катастарот на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Северна Македонија.

**Министерството за економија во соработка со Управата за јавни приходи да преземат активности за:**

30. Утврдување заедничко решение односно механизам за пресметка на законска затезна камата на сите концесионери кои плаќаат после законски утврдениот рок (точка 3.2.2. и 3.2.3.).

**Управата за јавни приходи:**

31. Да пристапи кон склучување на Меморандум за соработка со МЕ и ДИТИ во кој ќе се утврди начинот на соработка помеѓу договорните страни од аспект на надлежностите за вршење на надзор (точка 3.2.1.).
32. Во рамките на надлежностите утврдени со ЗМС и препораките дадени од ММФ да:
    - достави информација до Влада од аспект на надлежноста за вршење на инспекциски надзор над плаќањето на концесиските надоместоци и добиените препораки од ММФ за намалување на неданочните функции, со предлог за постапување / изнаоѓање на соодветно решение (точка 3.2.9.) и
    - се до изнаоѓање на решение за вршење на надзор над плаќањето на концесиските надоместоци од друг орган, да планира и врши редовен инспекциски надзор со зголемување на опфатот на концесионери (точка 3.2.10.).

**Државен инспекторат за животна средина да преземе мерки и активности:**

33. Да иницира постапка за усогласување на одредбите на ЗМС и Законот за животната средина во делот на надлежностите на вршење на надзор од аспект на одредбите на животната средина и со годишните планови за работа на ДИЖС да се планираат редовни инспекциски надзори (точка 3.3.9.).

Министерството за економија/Влада на Република Северна Македонија:

34. При носење на одлука за поништување на постапка за доделување на концесија да обезбеди образложение за околностите и причините кои довеле до таквата состојба (точка 3.1.11).

**Влада на Република Северна Македонија**

**ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 03-62/2
Скопје, 15.03.2024 година

ДО: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Павел Шатев“ бр. 2,
Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERI
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 19.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 22-311/7 | | |

Предмет: Известување

Врска: Ваш бр. 22-311/4 од 19.02.2024 година

Почитувани,

Во врска со препораките дадени во Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“, Геолошкиот завод на Република Северна Македонија го дава следното мислење:

- **Препорака 25 алинеја 1 и алинеја 2**

Во член 3 точка 6 од Законот за минерални суровини е дадена дефиниција за основните геолошки истражувања, а во член 8 став 2 од истиот закон е утврдено користењето на податоците добиени од основните геолошки истражувања. Во Правилникот за содржината и начинот на изработка на геолошката документација за вршење на основни геолошки истражувања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/07) е пропишана содржината и начинот на изработка на геолошката документација за вршење на основни геолошки истражувања.

Наша констатација е дека предметната материја е веќе уредена во Законот за минерални суровини и цениме дека нема потреба од истото и во Законот за Геолошкиот завод.

- **Препорака 25 алинеја 3**

Цениме дека неспорно е формирањето на комисии за стручна оцена (ревизија) на геолошка документација од проспекциски геолошки истражувања. Согласно член 30-а став (2) од Законот за минерални суровини геолошката документација за проспекциски геолошки истражувања ја ревидира Геолошкиот завод, а во име на Геолошкиот завод комисиите ги формира Директорот.


Геолошки завод на
Република Северна Македонија

Палата Емануел Чучков
ул. "Бихаќка" бр. 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3201 860
contact@geol.gov.mk
www.geol.gov.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

**ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Согласно член 8 став (3) од Законот за минерални суровини, член 4 став (1) алинеја 8 и член 5 став (1) од Законот на Геолошкиот Завод на Република Македонија, основните геолошки истражувања ги врши Геолошкиот завод преку годишна програма за основни геолошки истражувања која ја усвојува Владата на Република Северна Македонија. Во годишната програма за основните геолошки истражувања дадени се сите активности по вид и обем со цени на чинење. Целта на основните геолошки истражувања е изработка на проекти, карти, толкувачи вклучувајки ја и нивната стручна оцена (ревизија) како законска обврска. Реализацијата на дел од проектите од програмата е на јавен повик од причина што Геолошкиот завод нема доволен број на вработени, а и соодветен стручен кадар.

Геолошката документација за основни геолошки истражувања од членот 30 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од Законот за минерални суровини (проект за вршење на основни геолошки истражувања, елаборат за основни геолошки истражувања и геолошки карти со толкувачи на истите) подлежи на стручна оцена (ревизија). Во член 34 став (3) од Законот за минерални суровини стручната оцена (ревизија) на геолошката документација ја врши комисија која ја формира Геолошкиот завод, одредба која можеби во иднина треба да се допрецизира.

Во досегашниот период направена е:

- стручна оцена (ревизија) на Проектот за натамошни активности за реализација на ОГК-2 на цела територија на Република Македонија, со акционен план и формирање на листовите/секциите во размер 1:50 000 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/19),
- стручна оцена (ревизија) на проектите за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и соседните држави и тоа: Република Србија, Република Косово, Република Албанија и Република Бугарија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/19),
- стручна оцена (ревизија) на дигитални основни геофизички (гравиметриски и геомагнетни) карти на Република Македонија и толкувачи IV-фаза („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/19),
- стручна оцена (ревизија) на Проект за ОГИ на геотермалниот потенцијал во РСМ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 288/20) и
- стручна оцена (ревизија) на Основната хидрогеолошка карта на Република Северна Македонија во размер 1:100 000, лист Качаник и Толкувач за истата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 93/22).


Геолошки завод на
Република Северна Македонија

Палата Емануел Чучков
ул. "Бихаќка" бр. 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3201 860
contact@geol.gov.mk
www.geol.gov.mk

Геолошкиот завод при формирањето на комисиите за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација се води од начелото на стручност и неинволвираност во изработка на предметната геолошка документација која треба да се ревидира.

Заради Ваше појаснување се работи за специјален вид на основна геолошка документација каде ние како Геолошки завод и како држава сме лимитирани со стручен кадар од геолошките научни дисциплини, што значи вклучувањето на поедини стручни лица во ревизијата, па и во изработката на истата е сериозно прашање кое треба да се решава во државата.

Во однос на препораката што се однесува до надлежностите околу формирањето на комисиите за стручна оцена (ревизија) цениме дека истото би било поповолно Министерството за економија во соработка со Геолошкиот завод да изнајдат соодветно законско решение, односно друг орган да ја формира комисијата, но укажуваме дека законското решение преку избор на компании на јавен повик за вршење на ревизија е комплицирано, а и се доведува во прашање самиот квалитет на ревизија, токму од немањето доволно соодветен стручен кадар од геолошките струки.

- **Препорака 26**

Се сложуваме со увиденото. Заради неекипираноста и немањето на соодветен стручен геолошки кадар Геолошкиот завод ги реализира само оние проекти за кој е спремен да ги реализира.

- **Препорака 27**

Констатацијата е во ред, засега се води катастар само во две книги за активни наоѓалишта на минерални суровини доделени под концесија за експлоатација на минерални суровини и за научните геолошки истражувања.

За да се обезбедат потребните податоци потребен е стручен кадар и покренување на одредени законски решенија со цел давање обврска на истражувачите и органите за пријавување на појавите на минерални суровини на терен.


Геолошки завод на
Република Северна Македонија

Палата Емануел Чучков
ул. "Бихаќка" бр. 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3201 860
contact@geol.gov.mk
www.geol.gov.mk

- **Препорака 28**

Во делот на заштитата на полудрагите или драгите камења Геолошкиот завод нема надлежност. Заштитата на полудрагите или драгите камења треба да ја превземат соодветни институции за тој вид на работа. Геолошкиот завод согласно своите надлежности и знаења изготви Елаборат за заштита на македонскиот производ минерална суровина (корунд), географска ознака наменета за производство на јувелирски камења под името „Македонски рубин".

- **Препорака 29**

Во делот на заштита на наоѓалиштето на локалитетот „Црн Камен" с. Алинци исто така не сме надлежни. Што се однесува за подготовка на Елаборат врз основа на поранешните истражувања за оваа намена можеме да го подготвиме. Во делот на евидентирање на оваа наоѓалиште во катастарот ќе се постапи по создавање на соодветни услови, образложено во Препорака 27.

Со почит,

Директор,
Д-р Науаф Баара

Подготвиле:
Снежана Шишковска
Емил Петрушев


Геолошки завод на
Република Северна Македонија

Палата Емануел Чучков
ул. "Бихаќка" бр. 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3201 860
contact@geol.gov.mk
www.geol.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 29.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 22-311/8 | | |

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија** | **Ministria e Ekonomisë**

Сектор за минерални суровини | Departamenti i lëndëve të para minerale

**Архивски број:24-**1351/2
**Скопје,** 19-03-2024 **година**

**Numri arkivor:24-**
**Shkup,**_______________ **viti**

**До: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.„Павел Шатев“ бр.2**
**Палата „Емануел Чучков“**
**Скопје**

Drejtuar: ENTIT SHTETËROR TË REVIZIONIT
Rr.„Pavell Shatev“ nr.2
Pallati „Emanuel Çuçkov“
Shkup

**Предмет:** Одговор по Нацрт-извештајот за извршена ревизија на успешност – „Ефективност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“

**Врска:** Ваш број 22-311/2 од 19.02.2024 година

**Lënda: Përgjigje ndaj Draft-raportit për revizionin e kryer të performancës - “Efektshmëria e procedurave për ndarjen e të drejtës për kryerjen e eksploatimit të lëndëve të para minerale dhe realizimi i marrëveshjeve të lidhura, me referencë të veçantë për mermerin”**

Lidhja: Nr. Juaj 22-311/2 од 19.02.2024

Почитувани,

Министерството за економија го разгледа Нацрт-извештајот за извршена ревизија на успешност – „Ефективност на постапките за доделување на правото за вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот“ и по утврдените ревизорски препораки го доставуваме следниот одговор:

Të nderuar,

Ministria e Ekonomisë shqyrtoi Draft raportin për revizionin e kryer të performancës - “Efektshmëria e procedurave për ndarjen e të drejtës për kryerjen e eksploatimit të lëndëve të para minerale dhe realizimi i marrëveshjeve të lidhura, me referencë të veçantë për mermerin” dhe pas rekomandimeve të përcaktuara të revizionit, dorëzojmë përgjigjen e mëposhtme:


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin“ nr. 15, Shkup
+389 2 3093 519
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

Сектор за минерални суровини

Departamenti i lëndëve të para minerale

Препорака 1 (точка 3.1.1.)

Согласно склучениот договор помеѓу Министерството за економија и Македонската академија на науки и уметности доставена е финален документ на Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045. Исто така доставен е Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина кој ќе биде доставен до Министерство за животна средина и просторно планирање, при што следи организирање на јавна расправа по нацрт - Стратегијата и барање на мислења од надлежните институции како и од Владата на Република Северна Македонија од Секторот за стратешко планирање и потоа доставување на Стратегијата до Влада за нејзино донесување.

(во прилог Допис - достава на финален документ Стратегија од МАНУ и Доставен е Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина).

Препорака 2 (точка 3.1.2.)

Секторот за минерални суровини при подготовка на Стратешкиот план 2025 – 2027 година, за Програмата за искористување на природните ресурси за постигнување на стратешките приоритети ќе дефинираме мерки и активности со мерливи индикатори за

Departamenti i lëndëve të para minerale

Rekomandimi 1 (pika 3.1.1.)

Sipas marrëveshjes së lidhur ndërmjet Ministrisë së Ekonomisë dhe Akademisë së Shkencave dhe Arteve të Maqedonisë, është dorëzuar dokumenti përfundimtar i Strategjisë për hulumtime gjeologjike dhe shfrytëzim dhe eksploatim të qëndrueshëm të lëndëve të para minerale të Republikës së Maqedonisë së Veriut 2025-2045. Është dorëzuar edhe Raport për vlerësimin strategjik të ndikimit në mjedis jetësor, i cili do t'i dorëzohet Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, pas së cilës do të organizohet debati publik për draft-Strategjinë dhe kërkesa për mendime nga institucionet kompetente si dhe nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut nga Sektori për planifikim strategjik dhe më pas dorëzimi i Strategjisë në Qeveri për miratim.

(në shtojcë Shkresa- dorëzimi i dokumentit përfundimtar Strategjia nga ASHAM dhe Shkresa - Dorëzimi i Raportit për vlerësimin strategjik të ndikimit në mjedis jetësor).

Rekomandimi 2 (pika 3.1.2.)

Sektori për klndë të para minerale gjatë përgatitjes së Planit Strategjik 2025 - 2027, për Programin për shfrytëzimin e burimeve natyrore për arritjen e prioriteteve strategjike, do të përcaktojmë masat dhe aktivitetet me tregues të matshëm për matjen e suksesit të zbatimit të tyre.

мерење на успешноста од нивното спроведување.

Препорака 3 (точка 3.1.3.)

Ќе бидат интензивирани активностите за донесување на Подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини. За подзаконските акти кои се доставени на мислење до Секретаријат за законодавство а кои сеуште не се усогласени е доставена Ургенција за нивно усогласување и донесување. Техничките нормативи кои се изработени во 2023 година се доставени на мислење до Секретаријатот за законодавство, а согласно Деловникот на Владата на Република Северна Македонија. (прилог Барање на мислење до Секретаријатот за законодавство).

Препорака 4 (точки 3.1.7., 3.1.8., 3.1.9., 3.1.13., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., 3.2.4., 3.3.8. и 3.3.9.)

Ќе биде покрената иницијатива за измени и дополнувања на Законот за минерални суровини за наведените точки кои се составен дел на оваа препорака согласно ревизорскиот извештај со формирање на Работна група (Комисија).

Препорака 5 (точка 3.1.5.)

За оваа препорака ќе бидат интензивирани активностите за зајакнување на кадровската екипираност на Секторот за минерални суровини, односно ќе биде доставено Барање до Секторот за човечки ресурси за

Rekomandimi 3 (pika 3.1.3.)

Aktivitetet për miratimin e akteve nënligjore që dalin nga Ligji për lëndë të para minerale do të intensifikohen. Për aktet nënligjore që janë dorëzuar për mendim në Sekretariatin për Legjislacion dhe të cilat ende nuk janë harmonizuar, është paraqitur Urgjenca për harmonizimin dhe miratimin e tyre. Standardet teknike që janë zhvilluar në vitin 2023 janë dorëzuar për mendim në Sekretariatin për Legjislacion, në përputhje me Rregulloren e Punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut. (shtojca Kërkesë për mendim dhe urgjencë në Sekretariatin për Legjislacion).

Rekomandimi 4 (pikat 3.1.7., 3.1.8., 3.1.9., 3.1.13., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., 3.2.4., 3.3.8. dhe 3.3 .9.)

Do të nisë iniciativa për ndryshime dhe plotësime në Ligjin për lëndë të para minerale për pikat e përmendura të cilat janë pjesë përbërëse e këtij rekomandimi sipas raportit të revizionit me formimin e Grupit të Punës (Komisionit).

Rekomandimi 5 (pika 3.1.5.)

Për këtë rekomandim do të intensifikohen aktivitetet për forcimin e ekipimit kadrovik të Sektorit për lëndë të para minerale, përkatësisht Sektorit të burimeve njerëzore do t'i paraqitet kërkesë për plotësimin e vendeve të lira sipas sistematizimit të Sektorit për lëndë të para minerale, me qëllim të përmbushin detyrimet dhe detyrat


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
+389 2 3093 519
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

пополнување на слободните работни места согласно систематизацијата на Секторот за минерални суровини, со цел исполнување на работните обврски и задачи кои произлегуваат од надлежностите на секторот. (Прилог – Барање)

Препорака 6 (точка 3.1.7. и 3.2.3.) Министерството за економија ќе изработи Упатство во кое ќе биде пропишана постапката и дефиниран рокот за ажурирање на податоците од регистарот на склучените договори за концесија и издадените дозволи за експлоатација и нивно објавување на веб страницата на Министерство за економија, како и Упатство во кое ќе биде пропишана постапката за водење на евиденција за следење на наплата на концесиските надоместоци.

Препорака 7 (точка 3.1.8.)

По Елаборатот за заштита на македонскиот производ минерална суровина (корунд), географска ознака, наменета за производство на јувелирски камења „Македонски рубин" ќе биде доставено Мислење до Геолошки Завод.

Препорака 8 (точка 3.1.10) Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија се формира согласно член 20 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство во која членуваат претставници од повеќе надлежни органи.

При измените и дополнувањата на

e punës që rrjedhin nga kompetencat e sektorit. (shtojca Kërkesë)

Rekomandimi 6 (pika 3.1.7. dhe 3.2.3.) Ministria e Ekonomisë do të hartojë një Udhëzim që do të përshkruajë procedurën dhe do të përcaktojë afatin për përditësimin e të dhënave nga regjistri i marrëveshjeve të lidhura koncesionare dhe lejeve të lëshuara për eksploatim dhe publikimit të tyre në ueb faqen e Ministrisë së Ekonomisë, si dhe një udhëzim që do të përcaktojë procedurën e mbajtjes së evidencës për monitorimin e arkëtimit të kompensimeve të koncesionit.

Rekomandimi 7 (pika 3.1.8.)

Pas Elaboratit për mbrojtjen e produktit maqedonas lëndë e parë minerale (korundi), tregues gjeografik, i destinuar për prodhimin e gurëve bizhuteri "Rubini maqedonas", do të dorëzohet Mendim në Entin gjeologjik.

Rekomandimi 8 (pika 3.1.10) Komisioni për zbatimin e procedurës për ndarjen e koncesionit formohet në përputhje me nenin 20 paragrafi 1 i Ligjit për koncesione dhe partneritet publiko-privat, ku përfshihen përfaqësues nga disa autoritete kompetente.

Gjatë ndryshimeve dhe plotësimeve në Ligjin për lëndë të para minerale, aftësia e

Законот минерални суровини ќе бидат земени во предвид способноста на понудувачите во постапките за доделување на концесии по јавен повик.

Во сите одлуки за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини ќе бидат содржани сите задолжителни елементи согласно закон.

Препорака 9 (точка 3.2.2. и 3.2.3.)

Во Секторот за минерални суровини во Одделението за експлоатација која има 3 вработени лица вршат редовно следење на степенот на исполнување на обврските од склучените договори за концесија за експлоатација на минералите суровини како и во делот на наплатата на концесиските надоместоци, за кои редовно секоја година по извршена анализа до Државниот инспекторат за техничка инспекција и Управата за јавни приходи доставува Табела на концесионери кои не прикажале уплата на концесиски надоместок за експлоатација за продадени количини на минерална суровина за да извршат инспекциски надзор кај концесионерите дали работат односно вршат експлоатација или имаат прекин со изведување на рударските работи подолго од една година како и дали имаат фактурирани/продадени количини на минерална суровина.

Исто така се превземаат мерки за наплата на ненаплатените надоместоци

ofertuesve do të merret parasysh në procedurat për ndarjen e koncesioneve pas thirrjes publike.

Të gjithë elementët e detyrueshëm sipas ligjit do të përmbahen në të gjitha vendimet për ndarjen e koncesioneve për eksploatimin e lëndëve të para minerale.

(Rekomandimi 9 (pika 3.2.2. dhe 3.2.3.)

Në Sektorin e lëndëve të para minerale në Njësinë për eksploatim, i cili ka 3 punonjës, monitorojnë rregullisht shkallën e përmbushjes së detyrimeve nga marrëveshjet koncesionare të lidhura për eksploatimin e lëndëve të para minerale, si dhe në pjesën e arkëtimit të kompensimeve koncesionare, për të cilin rregullisht çdo vit pas analizave të kryera pranë Inspektoratit Shtetëror për Inspektimin Teknik dhe Drejtorisë së të Ardhurave Publike dorëzon Tabelën e koncesionarëve të cilët nuk kanë paraqitur pagesën e kompensimit të koncesionit për eksploatim për sasitë e shitura të lëndës së parë minerale për të kryer inspektime pranë koncesionarëve, nëse ata janë në punë, pra janë duke operuar ose kanë pasur pushim me kryerjen e punimeve minerare për më shumë se një vit, si dhe nëse kanë faturuar /sasi të shitura të lëndës së parë minerale.

Po ashtu po merren masa për arkëtimin e kompensimeve të papaguara nga koncesionarët, si dhe për arkëtimin e kamatës ndëshkuese duke paraqitur

од страна на концесионерите како и наплата на казнена камата со доставување на Опомени и Барања до Државното правобранителство на РСМ за наплата на долгот по судска постапка.

Препорака 10 (точки 3.2.2. и 3.2.3.)
Секторот за минерални суровини ќе ги интензивира и продолжи активностите за наплата на долгот од концесионерите на кои им се раскинати договорите со доставување на Барања до Државното правобранителство на РСМ за наплата на долгот по судска постапка.

Препорака 11 (точка 3.2.5.)

Ќе биде покрената иницијатива за измена на Тарифникот за наведените точки кои се составен дел на оваа препорака согласно ревизорскиот извештај со формирање на Работна група (Комисија).

Препорака 12 (точка 3.2.6.)

При измените и дополнувањата на Законот минерални суровини ќе бидат земени во предвид насоките да се воспостави контролен систем за оптимално одржување и управување со нивото на залихи.

Препорака 13 (точка 3.2.7.)

За оваа препорака отпочнати се веќе активности за ажурирање на договорите за експлоатација на минерална суровина мермер за локалитети на кое се експлоатира друг вид на минерална суровина наместо мермер. Во таа насока

Paralajmërime dhe Kërkesa pranë Avokaturës Shtetërore të RMV-së për arkëtim të borxhit me procedurë gjyqësore.

Rekomandimi 10 (pikat 3.2.2. dhe 3.2.3.)
Sektori i lëndëve të para minerale do të intensifikojë dhe vazhdojë aktivitetet e mbledhjes së borxhit nga koncesionarët, të cilëve u është ndërprerë kontrata, duke paraqitur Kërkesa në Avokaturën Shtetërore të RMV-së për arkëtimin e borxhit me procedurë gjyqësore.

Rekomandimi 11 (pika 3.2.5.)
Do të nisë një nismë për ndryshimin e Tarifave për pikat e specifikuara që janë pjesë përbërëse e këtij rekomandimi sipas raportit të revizionit duke formuar një grup pune (Komision).

Rekomandimi 12 (pika 3.2.6.)
Gjatë ndryshimeve dhe plotësimeve në Ligjin për lëndë të para minerale, do të merren parasysh udhëzimet për vendosjen e sistemit të kontrollit për mirëmbajtjen dhe menaxhimin optimal të niveleve të inventarit.

Rekomandimi 13 (pika 3.2.7.)
Për këtë rekomandim tashmë kanë filluar aktivitetet për përditësimin e marrëveshjeve për eksploatimin e lëndës së parë minerale mermer për lokalitetet ku shfrytëzohet një lloj tjetër lënde e parë minerale në vend të mermerit. Në këtë drejtim, koncesionarët do të njoftohen për të nisur procedurën për ndarjen e


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
+389 2 3093 519
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

ќе бидат информирани концесионерите да покренат постапка за доделување на концесија за друг вид на минерална суровина и склучување на нов договор за концесија.

Препорака 14 (точка 3.2.8.)

Согласно оваа препорака ќе биде направена анализа на сите концесионери, како и издадени одобренија за експлоатација и концесионерите согласно важечката законска регулатива ќе бидат задолжени да изработат нов главен рударски проект и да достават барање за издавање на дозвола за експлоатација.

Препорака 15 (точка 3.3.8.)

Се води евиденција на сите доставени Планови за управување со отпад заедно со финансиските гаранции за елиминирање на штетните ефекти по животната средина, бидејќи во спротивно ќе се пристапи кон еднострано раскинување на договорите за концесија согласно член 83 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22 од 21.04.2022 година).

(Прилог – Табела на концесионери кои имат доставено План за управување со отпад и финансиски гаранции)

Препорака 16 (точка 3.2.6. и 3.3.8.)

При измените и дополнувањата на

koncesionit për një lloj tjetër lënde të parë minerale dhe për lidhjen e një marrëveshjeje të re koncesionare.

Rekomandimi 14 (pika 3.2.8.)

Sipas këtij rekomandimi, do të bëhet një analizë e të gjithë koncesionarëve, si dhe do të jepen aprovimet për eksploatim dhe koncesionarët, sipas legjislacionit aktual, do të ngarkohen me zhvillimin e një projekti të ri minerar kryesor dhe të dorëzojnë kërkesë për lëshimin e lejes për eksploatim.

Rekomandimi 15 (pika 3.3.8.)

Mbahen shënime për të gjitha planet e dorëzuara për menaxhimin e mbetjeve së bashku me garancitë financiare për eliminimin e efekteve të dëmshme në mjedis jetësor, sepse në të kundërtën marrëveshjet e koncesionit do të ndërpriten në mënyrë të njëanshme në përputhje me nenin 83 të Ligjit për ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për lëndë të para minerale (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 99/22, më 21.04.2022).

(Shtojca – Tabela e koncesionarëve që kanë dorëzuar Planin e menaxhimit të mbetjeve dhe garancitë financiare)

Rekomandimi 16 (pika 3.2.6. dhe 3.3.8.)

Gjatë ndryshimeve dhe plotësimeve në Ligjin për lëndë të para minerale do të


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin” nr. 15, Shkup
+389 2 3093 519
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

Законот минерални суровини ќе бидат земени во предвид насоките за начинот на постапување со јаловината на мермерната маса со утврдување на мерки за поттикнување на реупотребата и намалување на производството на отпад.

Препорака 30 (точка 3.2.2. и 3.2.3.)

Министерството за економија ќе иницира соработка со Управата за јавни приходи за изнаоѓање на заедничко решение за пресметка на законска затезна камата на сите концесионери кои плаќаат после законски утврдениот рок.

Со почит,

merren parasysh udhëzimet për mënyrën e trajtimit të mbetjeve të masave të mermerit duke përcaktuar masat për nxitjen e ripërdorimit dhe reduktimin e prodhimit të mbetjeve.

Rekomandimi 30 (pika 3.2.2. dhe 3.2.3.)

Ministria e Ekonomisë do të iniciojë bashkëpunimin me Drejtorinë e të Ardhurave Publike për llogaritjen e kamatëvonesës ligjore për të gjithë koncesionarët që paguajnë pas afatit të përcaktuar ligjor.

Me respekt,

**KreshnikBekteshi**
**МИНИСТЕР**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
•Скопје-Shkup•

Изработил/ Përpiloi: Кика Шпритова
Љупче Ефнушев
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/ Dha pëlqimin: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
+389 2 3093 519
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS
Bul. Krste Misirkov 2, 1000 Skopje, Republic of Macedonia, P.O. Box 428
www.manu.edu.mk
email: manu@manu.edu.mk
tel: +389 2 32 35 400 fax: +389 2 32 35 500

Северна Македонија / e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup
13-12-2023
24 | 3235/2

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Бр. 10-84/37
12-12- 2023 год.
СКОПЈЕ

До Министерството за економија
Сектор за минерални суровини

**ПРОПРАТНО ПИСМО**

Почитувани, согласно договорот потпишан помеѓу МАНУ и Министерството за економија за изработка на Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија (2025 2045), ве известуваме дека МАНУ ги заврши своите обврски односно ја изработи Стратегијата. За таа цел ви ја доставуваме Стратегијата во хартиена верзија, но ви ги доставуваме во електронска форма и сите Прилози кои се составен дел на Стратегијата. Како прилози ви ги доставуваме следните анализи:

1. Економска анализа на значењето на рударската индустрија за развојот на МК
2. Политики на ЕУ
3. Намалување на сиромаштијата во контекст на искористување на минералните ресурси
4. Анализа за човекови права
5. Ризици од минералната индустрија по безбедноста и здравјето на околните заедници
6. Анализа на организационата поставеност на службите за геолошки истражувања
7. Анализа на правните аспекти
8. Анализа за новите побарувања на минерални ресурси во ЕУ и Свет
9. Анализа на состојбите со животна средина околу рудници во РСМ
10. Водени ресурси
11. Детален преглед на ресурси
12. Управување со ризици во минералната рударска индустрија
13. Анализа на геолошките истражувања во земјите
14. Анализа за урбаната геологија
15. Анализа за паметно рударство
16. Геолошко наследство
17. Придонес на геолошките истражувања на минералните суровини кон Целите за одржлив развој
18. Анализа за искористување на рудниците за ОИЕ

Дополнително, исто така како прилог кој е составен ден на Стратегијата, ви ги доставуваме и одговорите на прашалниците како и пристигнатите коментари и одговорите на коментарите од наша страна:

19. Одговор на прашалникот

20. Коментари и забелешки за прва нацрт верзија на стратегијата и одговори

На крај ви ги доставуваме како прилози и презентациите од работилниците одржани во мај и октомври 2023 година:

21. Стратегија за минерални суровини работилница мај 2023

22. Стратегија за минерални суровини работилница октомври 2023

Тимот кој што работеше на Стратегијата ги пополни и соодветните обрасци кои се бараат согласно методологијата за изработка на стратешки документи од страна на Владата на Република Северна Македонија:

23. Обрасци согласно упатството за стратегии

Тимот останува и понатаму отворен за соработка, до усвојување на Стратегијата.

Раководител на проектот

акад. Блажо Боев

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

